# ПОТСТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ НА РС МАКЕДОНИЈА



Ноември, 2019

**Нарачател:**
**Министерство за економија на РСМ**
**Ул. Јуриј Гагарин, бр. 15, 1000 Скопје**
**Лице за контакт: Беким Хаџиу**
**Сектор за туризам и угостителство**
**e-mail: bekim.hadziu@economy.gov.mk**

**Потстратегијата ја изработи консултантски тим**:
**Главен истражувач**: Д-р Сашо Коруновски
**Истражувачи:**
Д-р Науме Мариноски
Д-р Цветко Андреески
Д-р Иванка Нестороска
Д-р Михаел Ристески

**Потстратегијата за културен туризам во РС Македонија е изработена во рамките на јавната набавка за услуга бр. 3-3/2019 на Министерството за економија на РСМ - Сектор за туризам: ,,ПОДГОТОВКА НА ТРИ ПОТСТРАТЕГИИ ЗА ТУРИЗАМ - РУРАЛЕН / КУЛТУРЕН / АКТИВЕН”**

# ПОТСТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ ВО РС МАКЕДОНИЈА

## СОДРЖИНА


АПСТРАКТ....................................................................4

ВОВЕД....................................................................6

1. Потреба за изработка на Потстратегијата за културен туризам....................................................................8

2. Методолошки пристап во изработката на Потстратегијата ....................................................................10

3. Основни карактеристики на културниот туризам ....................................................................12

4. Анализа на состојбите ....................................................................17

4.1 Општи трендови на туризмот во РСМ....................................................................17

4.1.1 Анализа на туристичката понуда ....................................................................17

4.1.2 Анализа на туристичкиот промет....................................................................20

4.1.2.1 Анализа на туристичката посетеност ....................................................................20

4.1.2.2 Анализа на туристичкиот престој ....................................................................25

4.2 Анализа на состојбите поврзани со културниот туризам во РСМ ....................................................................31

4.2.1 Анализа на законската регулатива ....................................................................32

4.2.2 Анализа на стратешките документи поврзани со културниот туризам ....................................................................34

4.2.3 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам по плански региони......44

4.2.3.1 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – СКПР ....................45

4.2.3.2 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – СИПР....................48

4.2.3.3 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ИСПР....................49

4.2.3.4 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ЈИПР....................51

4.2.3.5 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ВАПР ....................53

4.2.3.6 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ПЕПР ....................55

4.2.3.7 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ЈЗПР ....................57

4.2.3.8 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ПОПР ....................60

4.2.4 Анализа на побарувачката за културен туризам ....................................................................61

5. Визија и мисија на Потстратегијата за културен туризам....................................................................69

6. Зонирање и мапирање на културно – туристичките потенцијали....................................................................70

6.1 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Скопски плански регион ....................................................................70

6.2 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Североисточен плански регион ....................................................................73

6.3 Нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Источен плански регион ....................................................................76

6.4 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Југоисточен плански регион ....... 78
6.5 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Вардарски плански регион ....... 80
6.6 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Пелагониски плански регион ....... 82
6.7 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Југозападен плански регион ....... 85
6.8 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Полошки плански регион ....... 87
6.9 Предвидување места и локации за обележување на центрите и поставување на патокази и инфо табли ....... 89
АНЕКС ....... 90
Мапирање на зоните за развој на рурален туризам по региони ....... 90
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во РС Македонија ....... 90
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во СКПР ....... 91
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во СИПР ....... 92
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ИСПР ....... 93
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ЈИПР ....... 94
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ВАПР ....... 95
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ПЕПР ....... 96
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ЈЗПР ....... 97
ГИС обележување на зоните за развој на културен туризам во ПОПР ....... 98
ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ ЗАСТАПЕНИ ВО РС МАКЕДОНИЈА ПО РЕГИОНИ ....... 99
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Скопскиот плански регион - СКПР ....... 99
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Североисточниот плански регион - СИПР ....... 102
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Источниот плански регион - ИСПР ....... 105
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Југоисточниот плански регион - ЈИПР ....... 111
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Вардарскиот плански регион - ВАПР ....... 115
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Пелагонискиот плански регион - ПЕПР ....... 121
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Југозападниот плански регион - ЈЗПР ....... 127
Табеларен преглед на потенцијалите и атракциите во Полошкиот плански регион – ПОПР ....... 137
Фотографии за културен туризам ....... 140
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ ....... 148

# АПСТРАКТ

Туризмот како мултидимензионална и мултифакторијална појава постана глобален феномен кој се развива со невидено темпо. Современиот развој на туризмот пројавува специфичности кои се во насока на проширување на туристичката побарувачка. Трендовите за проширување на побарувачката се движат кон зголемување на квантитетот на активностите и услугите во туристичките понуди, но и унапредување на квалитетот на дадените услуги. Посебно е важно што туристичката побарувачка е во потрага на нови доживувања. Се заменува масовниот крајбрежен туризам со интересни и атрактивни форми на туризам. Во оваа смисла е појавата и унапредувањето на културниот туризам и развојот на различни подвидови и содржини во негови рамки.

Од тоа произлегува и потребата за создавање на овој стратешки документ кој заедно со Потстратегиите за рурален и за активен туризам треба да претставуваат стратешка рамка за развој на туризмот во РС Македонија. Тоа е посебно важно во современите услови на работење во туризмот кога се јавува се позаострена конкурентност. Така, РС Македонија може да постане атрактивна туристичка дестинација за различните видови на туризам како што се активниот, руралниот и културниот туризам.

Во оваа Потстратегија се опфатени анализи кои ја определуваат постојната состојба на туризмот, односно на културниот туризам во нашата држава. Преку регионалниот пристап се обработуваат различните потенцијали за развој на туризмот, во насока на детерминирање на просторни целини и локации кои располагаат со најповолни можности за активно вклучување во ново креираните атрактивни туристички производи и содржини поврзани со културата. Имено, планските региони во РС Македонија располагаат со значајни културни ресурси кои се недоволно искористени во туристичко – развојна смисла. Исто така, туристичкиот развој во измината деценија се карактеризира со нерамномерен регионален развој што негативно се одразува на вкупните социо – економски развојни тенденции. Во оваа насока е и изработката на овој стратешки документ кој треба да ги урамнотежи ваквите нерамномерни состојби во туризмот во РС Македонија. Тоа ќе претставува основа за креирање на атрактивни и висококонкурентни културно – туристички производи и содржини.

Во рамките на оваа Потстратегија се предложени и мерки и активности кои се во насока на унапредување на состојбите во туризмот. Ваквите мерки се детерминирани според извршената ситуациона анализа, валоризираните вредности, мапираните и зонираните развојни потенцијали. Крајната цел е зголемување на бројот на туристи во сите плански региони, како и привлекување на квалитетна туристичка клиентела. Посебно во рамките на културно – туристичките движења се вклучуваат лица со повисоки

платежни можности. Развојот ан културниот туризам на одреден простор не само што генерира економски и социјални придобивки за локалната заедница, туку директно влијае врз заштитата и унапредувањето на културните ресурси и атракции.

Клучни зборови: *културен туризам, туристички развој, зонирање и мапирање, регионален развој*

# ВОВЕД

Туризмот како мултидимензионален феномен се развил во невидени размери на глобално ниво. Туристичкиот феномен пројавува импликации во сите сфери (општествено - економски) во просторот каде тој се јавува и развива. Основна карактеризира на туризмот претставува неговата динамичност и континуирана променливост. Потенцијалот за проширување на туристичките активности не е само во квантитативна, туку и во квалитативна смисла. Тоа значи дека туристичката побарувачка е во континуирана потрага по нови и поквалитетни туристички содржини кои ќе предизвикаат позитивни искуства и доживувања кај нив. Поради тоа се развива висока конкурентност во рамките на туристичката понуда во напорите за привлекување на поголема и подобра туристичка клиентела. Креаторите на туристичките политики мора да развиваат сè поатрактивни туристички производи. За тоа да се постигне треба иновативно да се комбинираат природните и културните ресурси во креираните туристички понуди. Туризмот може да се дефинира како економски процес кој на еден начин тргува со природното и културното наследство на одреден простор. (Ascher, 1985).

Културата претставува интегрален дел на човековото постоење. Патувањата придонесле луѓето да стапат во контакт едни со други со што различните култури започнале да влијаат едни врз други. Културата и туризмот развиле скоро нераскинлива врска помеѓу себе. Не постои активност во туризмот која не вклучува во себе некакви културни елементи. Потребата за патување со цел за културна надградба на туристите и запознавањето на нови култури се поставил како еден од основните туристички потреби во реализацијата на туристичкиот процес. Во таа смисла се развил и културниот туризам. Во изминатите децении невидениот раст на културниот туризам и туризмот воопшто, предизвикал трансформација на туристичките дестинации, влијаејќи позитивно, но и негативно врз локалните традиции, обичаи и начин на живот. Местата со релативно понизок степен на економски развој започнале да ги согледуваат придобивките од развојот на културниот туризам на нивна територија. Со тоа овој вид на туризам преминал дури и во основниот двигател на економскиот, а со тоа и на социјалниот развој.

Дефинирањето на културниот туризам претставува сложена задача. Тоа произлегува од фактот што туризмот, а и културата претставуваат комплексни и мултидимензионални појави кои пројавуваат импликации во сите сфери. Во најопшта смисла културниот туризам може да се дефинира како сегментот на туристичкиот процес која става посебен акцент на посетата на наследството и културните атракции на одреден простор.

Одредени истражувања од страна на UNWTO покажале дека културно – туристичките патувања опфаќаат дури 40 % од вкупниот број на туристички патувања на глобално ниво (Brida *et al*., 2013). Поточно, истражувањата се преземени од страна на Светската туристичка организација на Обединетите Нации од 2015 година (UNWTO, 2015), според кои доаѓањата на туристите вклучени во културно – туристички активности е во континуиран пораст во споредба со вкупните меѓународни доаѓања. Во таа смисла, 40% од меѓународните доаѓања се сметаат за „културно - туристички“. Ваквите туристи се вклучени во културолошки посети или се вклучени во културолошки активности за време на нивниот престој.

Туристичкиот развој на РС Македонија не е развиено на задоволувачкото ниво. Тоа значи дека моментално туризмот кој се развива на територијата на државата не е доволно компетитивен на туристичкиот пазар. Поради просторните карактеристики на државата, односно фактот што не излегува на море, треба да се бараат нови и современи начини на привлекување на потенцијалната туристичка клиентела. Ваквите решенија може да се бараат во можностите за развивање на останати селективни форми на туризам, за разлика од капалишниот туризам. Ваквите нови селективни форми на туризам треба да се во функција и на порамномерниот регионален развој. Посебно се важни оние форми на туризам кои овозможуваат користење на содржините, услугите и активностите преку целата година. Со тоа ќе се отстрани нагласената сезоналност на туризмот во РС Македонија. Главната цел на развивањето на ваквите селективни видови туризам во РС Македонија е таа да стане поконкурентна на регионалниот и глобалниот туристички пазар. Во оваа смисла е развојот на културниот туризам на територијата на државата. Имено, РС Македонија располага со атрактивни и уникатни културни ресурси кои треба да се стават во активна функција на туризмот. За да можат креаторите на туристичките политики да изнајдат стратешки решенија и пристапи за соодветно активирање на оваа селективна форма на туризам, треба да се извршат соодветни истражувања во оваа насока. Истражувачките активности се потребни за идентификација и диференцијација на културно – туристичките потенцијали, кои пак се неопходни за утврдување на местото и улогата на културниот туризам во севкупниот туристички развој во РС Македонија.

Меѓутоа, не е доволно само да се изврши диференцијација и инвентаризација на расположливите културни (и природни) потенцијали за да се овозможи соодветен развој на културниот туризам. Во таа смисла се потребни да се преземат посодржајни истражувања во валоризациска смисла. Треба да се примени валоризацискиот пристап за да може да се определат основните развојни насоки на културниот туризам и развивањето на квалитетни и висококонкурентни културно – туристички производи. Во оваа функција треба да е и овој стратешки документ од кој ќе произлезат користи не само за регионалните власти, туку и за државата во целост. Основната цел на изработување на

Потстратегијата за културен туризам е да претставува основна стратешка рамка за детерминирање на потенцијалите за развој на културниот туризам на територијата на РС Македонија. Тоа ќе претставува базната основа за определување на состојбите и ограничувањата со кои развојот на културниот туризам се соочува. Со документот ќе се дадат и конкретни предлог мерки и решенија за отстранување на регистрираните ограничувања што ќе биде во функција на креирањето на квалитетни културно – туристички производи.

## 1. Потреба за изработка на Потстратегијата за културен туризам

Изработката на Потстратегијата за културен туризам како стратешки документ е резултат на потребата за порамномерен регионален развој на овој вид на туризам во РС Македонија. Исто така постои потребата за унапредување на постојните културно – туристички понуди, како и за креирање на нови вакви содржини. Тоа е во согласност со меѓународните туристички трендови и текови со основна цел за подобрување на конкурентноста на државата во овој домен. Од овој документ во иднина треба да произлезат и други стратешки планови и програми на локално, регионално и национално ниво.

Со развојот на атрактивни форми на културен туризам нема да се унапреди само постојната понуда на постојната туристичка понуда на регионите во РС Македонија, туку тоа ќе биде еден од основните сегменти на конкурентни туристички содржини заедно со активниот и руралниот туризам. Локалните и регионалните власти ќе можат да изнајдат конкретни решенија за креирање на пакет – аранжмани и поединечни услуги во рамките на трите основи форми на туризам кои се планираат да се развијат. Со тоа нема да се унапреди само туризмот во локалните и регионалните просторни целини, туку и во целата држава.

Потстратегијата претставува стратешки документ кој е во согласност со бројни заложби на национално, регионално и локално ниво за креирање и развој на нови форми на туристички активности во РС Македонија. Владините органи, регионалните центри и локалните единици ја препознаваат важноста за туризмот и како тој може да влијае врз сите социо – економски сфери. Поради тоа во изминатите децении се донесени бројни стратешки документи во кои туризмот игра се поважна улога. Преземени се бројни заложби на ниво на држава, како и на ниво на плански региони и општини, за

вмрежување на различните стејкхолдери поврзани со развојот на различни видови туризам, конкретни преземања за унапредување на туристичката инфраструктура, како и поддршка на давателите на различни услуги и производи во туризмот. Во таа функција е и оваа Потстратегија која треба да претставува основа за креаторите на туристичките развојни политики, но и на давателите на конкретни туристички услуги со цел унапредување на културниот туризам.

Треба да се истакне дека развојот на туризмот во РС Македонија треба да го следи интегративниот пристап што подразбира истражување на потенцијалот за креирање и развивање на различни содржини во рамките на селективни форми на туризам. Истражувањата треба да опфатат  анализа на состојбите, можностите и перспективите за развој на атрактивни селективни форми на туризам кои имаат најдобри изгледи за успех и се карактеризираат со конкурентност во однос на туристичките понуди на окружувањето. Во оваа смисла е и креирањето на културно – туристички содржини. Имено, територијата на РС Македонија изобилува со бројни потенцијали од антропоген вид кои не се доволно искористени во туристичка смисла. Самата туристичка активност која ќе ги опфати ваквите вредности ќе влијае позитивни на нивното идно зачувување (реставрација и конзервација), а креираните економски бенефити од ваквиот вид туризам ќе може да се искористат за понатамошно нивно унапредување. Исто така, развојот на културно – туристичките форми на туризам ќе има позитивно социо – културно влијание врз заедниците во средините каде ќе се развиваат. Поради тоа придобивките од изработката на оваа Потстратегија, а со тоа развојот на овој вид на туризам, се многубројни.

Резултатите од истражувањата во рамките на оваа Потстратегија ќе бидат основа како за креирањето на други натамошни развојни програми, проекти и стратегии на национално, регионално и локално ниво, така и за конкретните креатори на политики и даватели на услуги, за унапредување на практичната сфера на туризмот во РС Македонија.

## 2. Методолошки пристап во изработката на Потстратегијата

Резултатите од истражувачките активности во рамките на оваа Потстратегија се добиени преку користење на разработен научен методолошки пристап. Методологијата ги опфати следните елементи:

- Преглед и консултација на домашна и странска научна и стручна литература. Во рамките на овој дел консултирани беа плански и стратешки документи (проекти, програми и стратегии) од областа на туризмот, културата и културниот туризам на национално, регионално и локално ниво. Современиот пристап во рамките на овој дел се однесува на анализирање на литература која опфаќа не само општи постулати за основните карактеристики на културниот туризам како селективен вид, туку и практични примери и студии на случаи поврзани со успешното имплементирање на сознанијата во пракса. Ваквите практични примери се однесуваат на современите начини на креирање и организирање на туристички понуди од областа на културниот туризам.

- Кабинетско истражување на прибирање примарни и секундарни податоци од квантитативен и квалитативен вид, а кои се потребни за успешно активирање на овој вид туризам на конкретни подрачја. Квантитативните податоци се најмногу од статистички вид кои ги дава Државниот завод за статистика на РСМ. Од друга страна, квалитативните податоци се сублимирани од претходни извршени истражувања поврзани со развојот на содржини на културно – туристичката понуда во различни просторни целини во РСМ. Таквите податоци се содржани во публикации, извештаи и програми на национално, регионално и локално ниво.

- Прибраните податоци се потоа вкрстени и анализирани за да се дојде до сублимирани резултати. Ваквите резултати овозможија согледување на фактичките состојби релевантни за имплементирањето на културниот туризам. Тоа од своја страна овозможи детерминирање на недостатоците и слабите страни од различна природа, кои го забавуваат и оневозможуваат процесот на развој на оваа селективна туристичка форма. Преку аналитички пристапи регистрирани се и можностите и предностите кои стојат на располагање, а кои се во функција на успешно активирање на културниот туризам на територијата на РСМ.

- Идентификуваните фактички состојби беа во функција на проектирање и предвидување на идните развојни движења и определување на потребни преземања за унапредување на културниот туризам. Ваквите развојни предвидувања се во согласност со дефинираните цели, мисија и визија за развој на културниот туризам.

- Извршени се консултативни активности со претставници на бизнис секторот, организациите и единиците на локалниот и регионалниот развој, како и другите

стејкхолдери и чинители на туристичкиот развој со цел да се утврдат нивните ставови во однос на одредена проблематика поврзана со овој вид на туризам и конкретните активности кои ги преземаат за креирање на содржини и активности на културниот туризам.

- Инвентаризација и валоризација на различните ресурси од природен и антропоген вид, а кои се во функција на развојот на конкретни содржински решенија на туристичката културно – туристичката понуда

- Регистрирањето и вреднувањето на вредностите за развој на културниот туризам било основа за нивна приоритетизација. Оваа приоритетизација е извршена од аспект на дефинирање на најповолни локалитети, места и вредности за развој на културниот туризам – во веќе развиени туристички просторни целини, како и во просторни целини кои располагаат со најповолни потенцијали за развој во иднина.

- Класификацијата и приоритетизацијата било основа за соодветно мапирање на утврдените културни вредности преку користење на картографскиот метод географскиот информативен систем (ГИС-пристапот). Мапирањето е извршено во согласност со зонирање на просторните целини кои располагаат со основни и комплементарни вредности потребни за креирање на атрактивни туристички понуди во сите плански региони на Република С. Македонија.

- Анализа на туристичката побарувачка и туристичката понуда за да се донесат издржани предлози за адекватен настап на туристичкиот пазар на домашен и меѓународен план, поврзано со културниот туризам.

- Креирање на акционен план со конкретни мерки и активности, носители на активностите, временска рамка и индикатори за успех. Овој план треба да претставува основен документ за реализација на конкретни преземања со цел унапредување на културниот туризам во конкретни просторни целини. Временската рамка е важна алатка за контрола на активностите, како и за креирање на буџетски средства потребни за имплементација на активностите и зацртаните цели и приоритети.

За да се финализира овој документ, изработени се драфт – верзии на истиот, а консултацијата со засегнатите страни, како и презентацијата на добиените сублимирани резултати и предлог – мерки, е во насока на изработувањето на крајната верзија на оваа Потстратегија за развој на културниот туризам.

## 3. Основни карактеристики на културниот туризам

Проблематиката на точното дефинирање на културниот туризам како селективен вид произлегува и од начинот на дефинирање на самите културно – туристички атракции од страна на туристите и посетителите (Masberg & Silverman, 1996). Ваквите атракции може да се разновидни и вклучуваат во себе: настани, музеи, изложби, археолошки локалитети, традиционална храна, локалните обичаи и традиции, традиционални занаети и стопански активности и слично (Sigala & Leslie, 2005). UNWTO го дефинира културниот туризам како патувања мотивирани заради културата, како што се студиски, театарски и културни тури, патување заради учество на фестивали и слични културни настани, посета на културно – историски локалитети и споменици, патувања со цел на запознавање на културата, фолклорот или уметничките достигнувања на одреден простор, како и аџилак (WTO, 1985). Од големиот број на културни атракции кои може да се користат во рамките на културниот туризам произлегува и развојот на различните видови културен туризам кои може да се развиваат, во директна корелација со ваквите специфични пазарни сегменти на потрошувачи.

Пред да се премине на дефинирање на културниот туризам треба да се изврши диференцијација, односно класификација на антропогените (културните) вредности, односно културното наследство. Тие претставуваат основа за развивање на какви и да било содржини, услуги и активности во рамките на културниот туризам. Културното наследство во својот најопшт опфат ги опфаќа во себе сите материјални и нематеријални (духовни) добра што човекот ги создал во својата повеќевековна историја. Тоа значи дека културата во себе вклучува: знаења, верувања, уметности, обичаи и многу други способности пренесувани од човекот како дел од општеството. Тоа е еден вид на колективна меморија преку која се манифестираат различните култури. Според УНЕСКО во културно наследство се вбројуваат: **Споменици** (археолошки остатоци, скулптури, слики, делови од структури што припаѓале кон поголеми археолошки целини, записи, пештерни живеалишта и комбинации на изведби што имаат извонредни универзални вредности од гледна точка на историјата, уметноста и науката), **Комплекси** (поединечни или поврзани градби кои, поради својата архитектура, хомогеност или нивното место во околината, содржат исклучителна вредност од гледна точка на историјата, уметноста или науката), **Места** (антропогени или интегрални дела на човекот и природата, и локалитети, вклучувајќи ги тука и археолошките, кои се со исклучителна вредност од историска, естетска, етнолошка или антрополошка гледна точка). Во РС Македонија културното наследство се дели на 3 групи: **недвижно**, **движно** и **нематеријално** (Закон за заштита на културното наследство „Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004). Според овој Закон *недвижно културно наследство* се материјалните добра со статус на културно

наследство подигнати врз земјиште или зависни од него, односно кои не можат да се движат и да сеபоместуваат од едно место на друго без притоа да не се оштети нивната суштина (недвижни добра по природа), како и добра кои по своите физички својства се движни, а од оправдани причини се во состав на некое недвижно добро, како: инсталации, опрема, украсни елементи и слично, што трајно се поврзани со недвижното добро или трајно служат за негово користење (недвижни добра по намена). *Движно културно наследство* се материјалните добра со статус на културно наследство кои во целост можат да се движат или поместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина. *Нематеријално културно наследство* се разни облици и појави на човековото духовно творештво во минатото, коешто заедниците, групите и поединците го препознаваат како свое културно наследство и кое се пренесува од генерација на генерација на територијата на РС Македонија.

Диференцијацијата на културните вредности е исто така сложена задача. За развој на културниот туризам се важни двата вида на клучни елементи со кои културните вредности располагаат (опипливи и неопипливи) бидејќи нивната комбинација овозможува креирање на комплетни туристички производи и повисоко ниво на задоволување на културните потреби на современите туристи. Во рамките на Потстратегијата културните вредности се делат на:

- Урбанизам и архитектура (комплекси на традиционална архитектура во урбани и рурални средини)
- Објекти на сакрална архитектура (христијански и муслимански)
- Објекти на профана архитектура (јавни градби, споменици)
- Археолошки локалитети и тврдини
- Музеи и спомен куќи
- Настани и манифестации (религиски, културни и гастрономски)
- Етнографско наследство (традиционални стопански активности, фолклорни вредности, регионални гастрономски специјалитети/производи)

Ваквата диференцијација е извршена од аспект на можностите за нивно вклучување во туризмот преку креирање на културно – туристички содржини кои би биле атрактивни и конкурентни на туристичкиот пазар. Како различните видови на културни вредности присутни во РС Македонија може да се користат во функција на развојот на туризмот, односно културниот туризам е дадено во продолжение.

Вредностите на **урбанизмот и архитектурата** се посебно важни од аспект на доловување на автентични искуства на туристите. Освен тоа што објектите кои ја задржале традиционалната архитектура се важни за пократките посетители (излетници и

екскурзијанти), истите може да се користат за повеќе намени поврзани со културниот туризам. Важен аспект на урбанизмот и архитектурата за доловување на квалитетни доживувања претставува инкорпорираноста на ваквите објекти во околниот простор, односно природен пејзаж. Тоа претставува комбинација на амбиенталното окружување на населбите со природниот пејзаж кој доминира во непосредното окружување. Тоа отвора можности за креирање на комплексни активности, односно повеќе диференцирани туристички содржини. Важно е да се спомене дека во ваквите објекти, освен што ќе можат да престојуваат туристите, во нив може да се одржат и помали настани и средби, музејски поставки, галерии и изложби, а стручно оспособените туристички водичи и кустоси можат посликовито да им го претстават начинот на живот на населението во градовите и руралните средини во минатото. Тоа отвора големи можности за инкорпорирање на етнографските вредности во комплексната понуда во ваквите објекти. Автохтоните карактеристики на традиционалните градски куќи претставуваат значаен дел од станбеното наследство. Ваквите објекти може да се користат како објекти за лоцирање и организирање на различни настани, како што се галерии, изложби, средби, музејски поставки и слично. Посебно се важни доколку се адаптираат за престој и преноќување на туристи и посетители. Тие може да претставуваат дури и примарната категорија на културно – туристичките понуди, доколку се збогати содржината на престој на туристите со доволен број на комплементарни вредности. Објектите кои се карактеризираат со традиционална и автохтона архитектура, а кои се лоцирани во руралните средини се значајни за комбинирање на културниот туризам со туристички содржини и активности во природа. Ваквите капацитети треба да се пренаменат за туристички престои. За тоа е потребно истите да се опремат и уредат во согласност со општо прифатени стандарди за таа цел.

Како значајни културни вредности кои може да претставуваат самостоен елемент во одредени туристички понуди претставуваат верските објекти, односно објектите на **сакралната архитектура**. Имено, тие се основната компонента на верските туристички понуди. Ваквите понуди може да се сметаат за специфичен вид на културен туризам. Меѓутоа, дел од објектите имаат и важно културно – историско значење, поради тоа што може да располагаат со одредени потенцијали кои се важни за други селективни видови на културен туризам, како што се на пример збирките на предмети, уникатниот или специфичниот архитектонски стил, располагањето со значаен фрескоживопис или копаничарски содржини во културно – историска или уметничка смисла и друго. Посебно треба да се издвојат објектите на сакралната архитектура кои располагаат со сопствени капацитети за сместување, како што се манастирите. Со пренамена на ваквите капацитети и нивно прилагодување истите може да се претворат во многу атрактивни содржини. Исто така може да се понуди и комбинација на други културни содржини во таквите локации. Голем дел од сакралните објекти, а посебно манастирите најчесто се лоцирани

во природни средини каде постои комбинација на природен и културен пејзаж. Поради тоа се значајни за посета и на туристи вклучени во други видови на туристички активности и понуди кои немаат доминантно културна конотација.

Освен сакралната архитектура, значајни се и градбите на **профаната архитектура**. Ваквите објекти можат да претставуваат значајна компонента на културно – туристичките понуди. Ваквите места се значајни и од аспект на можноста за лоцирање на дополнителни туристички комплементарни услуги и содржини. Така, на пример нивното окружување може да се уредат за одмор, видиковци, информативни и едукативни центри, организирање на одредени настани и средби, лоцирање на одредени угостителски објекти за исхрана, продажба на сувенири и слично. Самите објекти може да се уредат за одредени културни содржини како галерии, музејски изложби, спомен соби и слично. Таквите места треба да се уредат соодветно за да може да одговорат на основните и специфичните потреби и барања на туристите.

**Археолошките локалитети** се такви вредности кои најчесто ја имаат основната и доминантна улога во креираните содржини на културниот туризам со историска конотација. Освен што се интересни за посета од страна на ученички и студентски групи, поради нивните нагласени знаменити и едукативни својства, истите се атрактивни и за специфични туристи и посетители кои се експерти во одредени области, како што се на пример историчари, археолози, културолози и слично. Археолошките локалитети често се протегаат на поголем територијален простор и располагаат со повеќе објекти, со што се отвораат можности за создавање и лоцирање на бројни дополнителни и комплементарни услуги кои се во функција на туристичкиот развој. Со тоа тие имаат мултидимензионално значење за културниот туризам. Во таа смисла може да се користат за организирање на специјализирани обуки и едукативни програми за археолози и историчари (аматери или напредни), може да се користи просторот околу нив или во нив за организирање на одредени настани и манифестации, може да се лоцираат и санитарни и угостителски објекти, како и сувенирници, инфо-центри, едукативни центри и слично.

Во значајни вредности на културното наследство се вбројуваат и **културно – историските споменици**. Освен за посета од страна на туристички групи кои може да користат услуги од страна на професионален туристички водич, овие места можат да се адаптираат (доколку има услови за тоа) и за организирање на одредени настани и манифестации. Со тоа тие се поволни за лоцирање на сувенирници, угостителски објекти, продажба на локални производи и слично.

**Музеите** како културни институции пројавуваат посебна важност за развојот на културниот туризам. Имено, тие често претставуваат и доминантната компонента на културно – туристичките содржини. Ваквите објекти може да располагаат и со угостителски објекти за исхрана или сувенирници

**Настаните и манифестациите** претставуваат важна компонента на дел од културно – туристичките содржини. Тие можат да претставуваат основниот елемент на туристичките содржини (настани со етаблирано реноме) или комплементарни компоненти во рамките на други културно – туристички понуди. Настаните може да се поделат на религиски и на културни. Како дел од културните може да се сметаат и гастрономските, но тие може да се разгледаат и како засебни поради нивното значење во одредени места. Манифестациските културни вредности се посебно важни за продолжување на туристичката сезона која најчесто е концентрирана во определен временски период.

Вредностите на **етнографското наследство** претставуваат значаен елемент на културниот туризам во смисла на презентирање на традиционалниот начин на живот на луѓето на регионот во минатото. Поради тоа ваквите вредности често ја имаат доминантната улога во креираните културно – туристички содржини и пакет – аранжмани. Во ова наследство се вбројуваат традиционалните занаети и стопански дејности, како и традиционалните гастрономски специјалитети. Етнографското наследство има широк опсег на можности за користење во културно – туристичките содржини. Така, освен што ваквите активности имаат презентерска и едукативна функција преку кои туристите се запознаваат со традиционалните начини на изработување на различните производи и подготовката на традиционалните кулинарски специјалитети, посетителите можат и активно да се вклучат во дел од фазите на производство или да ги купат изработените предмети како еден вид на сувенири. Во дел од објектите каде се изведуваат ваквите активности може да се постават и помали музејски поставки. Дополнителна промотивна функција има и фолклорното наследство.

Важно е да се напомене дека културниот туризам треба да се дефинира од аспект на корисникот на услугите, односно туристичката побарувачка за вакви услуги и содржини. Во таа смисла, културата на одредена просторна целина за посетителите претставува атракција сама за себе. Ваквата атракција може да се нарече „културен туризам“ (Fridgen, 1991).

Во однос на туристите кои се вклучени во културно – туристички патувања и содржини, тоа претставуваат лицата кои ги доживуваат културно – историските локалитети, споменици и градби; ги посетуваат музеите и галериите; посетуваат концерти и претстави; и кои се заинтересирани да ги доживеат културите во дестинациите каде патуваат (Tighe, 1990). Културниот туризам често се дефинира и како одредено доживување кое произлегува од посетата на таквите вредности. Во културниот туризам учествуваат лица од различен карактер и различна возраст. Ученичките и студентските групи можат да се сметаат за културно – туристички. Исто така и лицата со поголема старост (пензионери) претставуваат голем дел на културно – туристичката побарувачка, поради тоа што располагаат со слободно време и слободни финансиски средства за

вклучување во туристички активности од културен карактер. Поради тоа се отвораат широки можности за креирање на туристички содржини и понуди

## 4. Анализа на состојбите

За да може да се креираат конкретни решенија и предлози за унапредување на културниот туризам во Република С. Македонија, треба првенствено да се пристапи кон анализа на состојбите од општ и посебен карактер. Ваквата анализа треба да е во квантитативен и во квалитативен формат, со цел за целосно и содржајно согледување на состојбите кои влијаат врз развојот на туризмот, а во таа насока и врз културниот туризам.

### *4.1 Општи трендови на туризмот во РСМ*

Општите трендови на туризмот во РСМ се детерминирани од карактеристиките на туристичката понуда и туристичкиот промет. Туристичката понуда се изразува со расположливоста со угостителски капацитети кои ги задоволуваат примарните потреби на туристите за време на нивниот престој во конкретната туристичка дестинација. Ваквите капацитети се делат на угостителски објекти за сместување и угостителски објекти за исхрана.

#### *4.1.1 Анализа на туристичката понуда*

За да може да се креираат атрактивни туристички производи од аспект на развојот на селективни видови туризам, треба да се пристапи на анализа на постојната понуда на примарни услуги. Примарните услуги треба да се определат во сферата на угостителството. Во оваа смисла треба да се определат капацитетите во угостителството. Овие капацитети се делат на објекти кои даваат услуги за сместување и на објекти кои даваат услуги на храна и пијалаци. Поради тоа што потенцијалите за развој на селективните видови туризам се обработени по плански региони, за да може да се

изнајдат адекватни решенија за развој на истите, така и анализата на угостителските потенцијали, односно капацитетите за сместување и исхрана е извршено на регионално ниво. Во продолжение е даден табеларен преглед на ваквите капацитети. Податоците се обезбедени од Државниот завод за статистика, односно Пописот на капацитетите во угостителството – 2016 година. Тоа се последните расположливи податоци.

Табела бр. 1 – Преглед на угостителките објекти за сместување по региони во РСМ – 2016 година

| | Угостителски објекти | | Број на соби | | Број на легла | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % |
| **ВКУПНО РСМ** | **574** | **100,00** | **17 235** | **100,00** | **46 289** | **100,00** |
| Вардарски регион | 24 | 4,18 | 558 | 3,24 | 1 413 | 3,05 |
| Источен регион | 40 | 6,97 | 648 | 3,76 | 1 590 | 3,43 |
| Југозападен регион | 134 | 23,34 | 6 407 | 37,17 | 17 575 | 37,97 |
| Југоисточен регион | 80 | 13,94 | 1 926 | 11,17 | 4 639 | 10,02 |
| Пелагониски регион | 101 | 17,60 | 2 355 | 13,66 | 6 813 | 14,72 |
| Полошки регион | 52 | 9,06 | 1 092 | 6,34 | 3 170 | 6,85 |
| Североисточен регион | 18 | 3,14 | 293 | 1,70 | 698 | 1,51 |
| Скопски регион | 125 | 21,78 | 3 956 | 22,95 | 10 391 | 22,45 |

*Извор: Попис на капацитетите во угостителството, ДЗС на РСМ, 2016*

Од табеларниот преглед може да се заклучи дека со најголем број угостителски објекти кои даваат услуги на сместување располага ЈЗПР (134 објекти) што претставува 23,34 % од вкупниот број во државата. На второ место се наоѓа Скопскиот плански регион со 125 објекти или 21,78 %. На трето место се наоѓа Пелагонискиот плански регион со процентуално учество од 17,60 %. Овие три региони располагаат со над 60 % од сите расположливи капацитети за сместување во РС Македонија. Со тоа е нагласен степенот на туристички развој и изграденост на овие просторни целини. Останатите сместувачките капацитети се распределени на другите 5 плански региони. Така, Југоисточниот и Полошкиот плански регион располагаат со нешто поголем број капацитети во однос на останатите. Тоа зборува за потребата за унапредување на ваквите состојби и преземање на активности за урамнотежување на туристичката изграденост во оваа смисла и порамномерен регионален развој.

Доколку се направи структурна анализа на ваквите капацитети за сместување, се утврдува распределеноста на расположливите соби и легла по региони. Во оваа смисла,

Југозападниот плански регион уште повеќе се истакнува пред останатите. Така, ЈЗПР располага со 6407 соби за сместување и 17575 легла, што претставува 37,17 %, односно 37,97 % од вкупните вакви капацитети во РС Македонија. Скопскиот плански регион учествува со 22,95 %, односно 22,45 %, а Пелагонискиот со 13,66 % , односно 14,72 %. Постои преголема разлика помеѓу 3-те најразвиени региони (ЈЗПР, СКПР и ПЕПР) и останатите. Треба да се унапреди туристичката изграденост во останатите региони.

Табела бр. 2 – Преглед на угостителските објекти кои даваат услуги на храна и пијалаци по региони во РСМ – 2016 година

| | **Угостителски објекти** | | **Број на седишта** | |
|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % |
| **ВКУПНО** | **4 383** | **100,00** | **221 611** | **100,00** |
| Вардарски регион | 224 | 5,11 | 11 123 | 5,02 |
| Источен регион | 302 | 6,89 | 18 152 | 8,19 |
| Југозападен регион | 516 | 11,77 | 22 961 | 10,36 |
| Југоисточен регион | 305 | 6,96 | 18 460 | 8,33 |
| Пелагониски регион | 390 | 8,90 | 24 537 | 11,07 |
| Полошки регион | 1 090 | 24,87 | 50 748 | 22,90 |
| Североисточен регион | 367 | 8,37 | 19 457 | 8,78 |
| Скопски регион | 1 189 | 27,13 | 56 173 | 25,35 |

*Извор: Попис на капацитетите во угостителството, ДЗС на РСМ, 2016*

Доколку се анализира распределеноста на угостителските објекти кои даваат услуги на храна и пијалаци, ќе се забележи одредена разлика од капацитетите за сместување. Така од табеларниот преглед може да се утврди дека на прво место се наоѓа Скопскиот плански регион со вкупен број на 1189 објекти (27,13 %), а на блиското второ место се наоѓа Полошкиот плански регион со вкупно учество од 24,87 % (1090 објекти) од вкупниот број на вакви угостителски капацитети во РС Македонија. Југозападниот плански регион се наоѓа на трето место со процентуално учество од 11,77 %, додека Полошкиот регион се наоѓа зад него, на скоро исто ниво со Североисточниот плански регион (8,9 % за ПЕПР и 8,37 % за СИПР). Кај бројот на расположливите седишта во ваквите угостителски објекти за исхрана може да се утврди скоро истата состојба. Меѓутоа, може да се забележи дека Пелагонискиот плански регион иако располага со помал број угостителски единици за исхрана од Југозападниот, во него постои поголем број на седишта. Така, ЈЗПР

има процентуално учество од 10,36 % од вкупниот број на седишта во РС Македонија, додека ПЕПР има 11,07 %. На првите две места повторно се наоѓаат Скопскиот и Полошкиот плански регион. Многу мало учество се бележи во останатите плански региони.

Од тоа може да се заклучи дека потребни се итни инфраструктурни мерки и преземања за урамнотежување на ваквите состојби на регионално ниво.

### *4.1.2 Анализа на туристичкиот промет*

За да може да се утврдат развојните насоки на туризмот треба да се пристапи на анализа на туристичкиот промет. Тоа е можно преку идентификување во структурна и динамична смисла на туристичката посетеност и туристичкиот престој. Во продолжение е даден ваков преглед по плански региони.

#### *4.1.2.1 Анализа на туристичката посетеност*

Туристичката посетеност е индикатор кој произлегува од бројот на регистрирани туристи кои посетиле одреден простор во даден временски интервал. Во продолжение е даден табеларна и графичка анализа на бројот на туристи во структурна смисла, процентуално учество и распределеност по региони во последните 5 години, како последни релевантни податоци добиени од Државниот завод за статистика.

Табела бр.3 – Преглед на број на туристи (домашни и странски) по плански региони и процентуално учество 2014-2018

| Година | Плански регион | Број на туристи | % | Домашни туристи | % | Странски туристи | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | **Вардарски** | 20667 | 2,8 | 5467 | 1,8 | 15200 | 3,6 |
| | **Источен** | 23035 | 3,1 | 14306 | 4,6 | 8729 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 269547 | 36,6 | 125320 | 40,4 | 144227 | 33,9 |
| | **Југоисточен** | 124707 | 17,0 | 74071 | 23,9 | 50636 | 11,9 |
| | **Пелагониски** | 65527 | 8,9 | 44533 | 14,3 | 20994 | 4,9 |
| | **Полошки** | 29143 | 4,0 | 15886 | 5,1 | 13257 | 3,1 |
| | **Североисточен** | 6937 | 0,9 | 2703 | 0,9 | 4234 | 1,0 |
| | **Скопски** | 196087 | 26,7 | 28050 | 9,0 | 168037 | 39,5 |
| | **ВКУПНО** | **735650** | **100,0** | **310336** | **100,0** | **425314** | **100,0** |
| **2015** | **Вардарски** | 24308 | 3,0 | 7981 | 2,4 | 16327 | 3,4 |
| | **Источен** | 25907 | 3,2 | 16751 | 5,1 | 9156 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 298057 | 36,5 | 136637 | 41,3 | 161420 | 33,2 |
| | **Југоисточен** | 133328 | 16,3 | 82143 | 24,9 | 51185 | 10,5 |
| | **Пелагониски** | 62019 | 7,6 | 40447 | 12,2 | 21572 | 4,4 |
| | **Полошки** | 30200 | 3,7 | 14565 | 4,4 | 15635 | 3,2 |
| | **Североисточен** | 8125 | 1,0 | 2059 | 0,6 | 6066 | 1,2 |
| | **Скопски** | 234123 | 28,7 | 29954 | 9,1 | 204169 | 42,1 |
| | **ВКУПНО** | **816067** | **100,0** | **330537** | **100,0** | **485530** | **100,0** |
| **2016** | **Вардарски** | 26064 | 3,0 | 8375 | 2,4 | 17689 | 3,5 |
| | **Источен** | 30568 | 3,6 | 20643 | 6,0 | 9925 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 322334 | 37,6 | 151347 | 43,7 | 170987 | 33,5 |
| | **Југоисточен** | 135092 | 15,8 | 82907 | 23,9 | 52185 | 10,2 |
| | **Пелагониски** | 58355 | 6,8 | 37012 | 10,7 | 21343 | 4,2 |
| | **Полошки** | 27318 | 3,2 | 13805 | 4,0 | 13513 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 9774 | 1,1 | 2730 | 0,8 | 7044 | 1,4 |
| | **Скопски** | 247338 | 28,9 | 29540 | 8,5 | 217798 | 42,7 |
| | **ВКУПНО** | **856843** | **100** | **346359** | **100,0** | **510484** | **100,0** |
| **2017** | **Вардарски** | 26145 | 2,6 | 8033 | 2,2 | 18112 | 2,9 |
| | **Источен** | 31775 | 3,2 | 19947 | 5,4 | 11828 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 368924 | 36,9 | 164459 | 44,7 | 204465 | 32,4 |
| | **Југоисточен** | 142888 | 14,3 | 84260 | 22,9 | 58628 | 9,3 |
| | **Пелагониски** | 63549 | 6,4 | 38074 | 10,3 | 25475 | 4,0 |
| | **Полошки** | 30124 | 3,0 | 14150 | 3,8 | 15974 | 2,5 |
| | **Североисточен** | 11290 | 1,1 | 2387 | 0,6 | 8903 | 1,4 |
| | **Скопски** | 324146 | 32,5 | 36937 | 10,0 | 287209 | 45,5 |
| | **ВКУПНО** | **998841** | **100,0** | **368247** | **100,0** | **630594** | **100,0** |
| **2018** | **Вардарски** | 26385 | 2,3 | 8969 | 2,1 | 17416 | 2,5 |
| | **Источен** | 34354 | 3,0 | 20490 | 4,9 | 13864 | 2,0 |
| | **Југозападен** | 419717 | 37,2 | 181102 | 43,2 | 238615 | 33,7 |
| | **Југоисточен** | 160173 | 14,2 | 104971 | 25,0 | 55202 | 7,8 |
| | **Пелагониски** | 70798 | 6,3 | 38789 | 9,2 | 32009 | 4,5 |
| | **Полошки** | 37091 | 3,3 | 16802 | 4,0 | 20289 | 2,9 |
| | **Североисточен** | 10820 | 1,0 | 2312 | 0,6 | 8508 | 1,2 |
| | **Скопски** | 367597 | 32,6 | 46155 | 11,0 | 321442 | 45,4 |
| | **ВКУПНО** | **1126935** | **100,0** | **419590** | **100,0** | **707345** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база и сопствени пресметки*

Во табелата е даден преглед на вкупниот број на туристи, домашните и странските туристи по региони во последните 5 години (2014-2018 година), како и нивното процентуално учество. Таквиот преглед се однесува и на планските региони со што е претставена територијалната разместеност на ваквата категорија. За да се добие поголема прегледност, тоа е претставено и графички.

График бр. 1 – Преглед на вкупниот број туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Најпрво е даден графички преглед на динамиката на вкупниот број на туристи по региони во разгледаниот временски интервал од 5 години. Прв заклучок е дека вкупниот број на туристи во РС Македонија во изминатите 5 години е во постојан пораст. Во 2014 година вкупниот број на туристи бил 735650, за во 2018 година таа бројка да порасне на 1126935 туристи (зголемување од 53,2 % во споредба со 2014 година). Доколку се анализира распределеноста по региони на вкупниот број на туристи може да се заклучи дека во сите анализирани години првите три места ги заземаат Југозападниот, Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Логички заклучок е дека најголемиот број на туристи доаѓаат во оние плански региони каде што има и најголем број на расположливи сместувачки капацитети и капацитети за давање на услуги на храна и пијалаци (ЈЗПР и СКПР). Меѓутоа, и покрај тоа што ЈИПР се наоѓа зад ПЕПР по бројот на расположливи угостителски капацитети, во него се регистрирани поголем број на туристи во споредба со

ПЕПР. Во анализираните последни 3 години (2016-2018) година може да се забележи поизразен раст во бројот на туристи, во споредба со првите две анализирани години (2014 и 2015). Во последната анализирана година, процентуалното учество на ЈЗПР изнесува 37,2 % од вкупниот број на регистрирани туристи во РС Македонија. Скопскиот плански регион учествува со 32,6 %, додека Југоисточниот бележи процентуално учество од 14,2 %. Овие три плански региони имаат вкупно учество од над 70 % што претставува забележителен податок. Останатите околу 30 % се распределени на вкупно 5 плански региони.

График бр. 2 – Преглед на бројот на домашни туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на динамиката и распределеноста на бројот на домашни туристи во изминатите 5 години (2014-2018). Може да се забележи дека порастот на бројот на домашни туристи е исто така континуиран во изминатите 5 години. Меѓутоа, тој пораст не е толку изразен. Така, во 2014 година во РС Македонија се регистрирани вкупно 310336 домашни туристи, додека во 2018 година таа бројка изнесува 419590. Тоа претставува пораст од 35,2 % во однос на 2014 година. Ако се анализира распределеноста во опфатениот временски период од 5 години може да се забележи дека првите три места ги заземаат Југозападниот, Југоисточниот и Пелагонискиот плански регион. Скопскиот плански регион паѓа дури на четвртото место. Исклучок е само последната анализирана година, кога Скопскиот плански регион бележи

поголем број домашни туристи во споредба со Пелагонискиот и се искачува на третото место. Според тоа процентуалното учество во 2018 година изнесува: ЈЗПР – 43,2 %, ЈИПР – 25,0 %, СКПР – 11 %. Трите најпосетени региони од страна на домашните туристи бележат вкупно учество од скоро 80 % што е забележително.

График бр. 3 – Преглед на бројот на странски туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на динамиката и распределеноста на бројот на странски туристи во последните анализирани 5 години. Слично како кај домашните туристи, така и кај странските може да се утврди континуиран пораст на вкупниот број на странски туристи кои ја посетиле РС Македонија во анализираниот временски период. За разлика од домашните туристи, овој пораст е забележително поизразен кај странските. Така, во 2014 година РС Македонија ја посетиле вкупно 425314 туристи, а во 2018 година 707345. Ова претставува пораст од дури 66,3 % (во однос на 2014 година) што е скоро двојно повеќе во однос на процентуалниот пораст на домашните туристи. Како што може да се утврди од графичкиот преглед, најголем пораст се бележат во последните две анализирани години (2017 и 2018 година). Исто така, доколку се разгледа структурата на туристите во 2018 година, може да се забележи дека странските туристи во вкупниот број учествуваат со дури 62,8 %, за разлика од домашните со 37,2 %. Овој однос во 2014 година изнесува 57,8 % странски туристи наспроти 42,2 % домашни. Може да се заклучи

дека бројот и учеството на странските туристи во РС Македонија рапидно расте. Така и туризмот во иднина треба да се развива во вакви насоки. И при анализата на распределеноста на странските туристи, слично како кај анализата на вкупниот број туристи, може да се заклучи дека првите три места ги заземаат Југозападниот, Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Меѓутоа, на прво место овде се наоѓа Скопскиот плански регион, односно него го посетиле повеќе странски туристи, отколку ЈЗПР. Ваквата ситуација останува непроменета во сите анализирани години, а се регистрира кај сите континуиран раст во бројот на странски туристи. Во 2018 година процентуалното учество на СКПР изнесува 45,4 % во вкупниот број на туристи, додека ЈЗПР учествува со 33,7. На третото место далеку зад нив се наоѓа ЈИПР со учество од 7,8%. Така, вкупното учество на првите два региони (ЈЗПР и СКПР) изнесува скоро 80 %.

Од ваквиот преглед може да се заклучи дека процентуалното учество на неколку региони во вкупниот број на туристи (посебно странски) кои ја посетиле РС Македонија во изминатите години е премногу високо. Останатите региони во оваа смисла не бележат задоволително ниво на посетеност. Стратешките преземања во туризмот треба да е во насока на фаворизирање на туристичките потенцијали од различен вид токму во овие просторни целини. Тоа ќе се постигне со развивање на селективни видови туризам (како што е руралниот, активниот и културниот туризам) и креирање на атрактивни производи во нив.

#### *4.1.2.2 Анализа на туристичкиот престој*

Важен индикатор за определување на степенот на туристички развој на планските региони, претставува и анализата на туристичката посетеност. Таа се определува преку бројот на регистрирани ноќевања. Во продолжение е даден табеларен и графички преглед на бројот на ноќевања на вкупниот број туристи и нивната структура на домашни и странски во последните 5 години (2014-2018). Исто така е опфатено и процентуалното учество на секој од планските региони во РС Македонија во однос на овие податоци. Податоците се добиени од Државниот завод за статистика и сопствени пресметки

Табела бр. 4 – Преглед на број на ноќевања (домашни и странски) по плански региони и процентуално учество 2014-2018

| Година | Плански регион | Број на туристи | % | Домашни туристи | % | Странски туристи | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | **Вардарски** | 39662 | 1,8 | 12001 | 0,9 | 27661 | 3,0 |
| | **Источен** | 49221 | 2,2 | 27277 | 2,1 | 21944 | 2,4 |
| | **Југозападен** | 1095452 | 49,9 | 694229 | 54,5 | 401223 | 43,5 |
| | **Југоисточен** | 401065 | 18,3 | 304148 | 23,9 | 96917 | 10,5 |
| | **Пелагониски** | 154595 | 7,0 | 98784 | 7,8 | 55811 | 6,0 |
| | **Полошки** | 54419 | 2,5 | 29675 | 2,3 | 24744 | 2,7 |
| | **Североисточен** | 10671 | 0,5 | 4465 | 0,4 | 6206 | 0,7 |
| | **Скопски** | 390798 | 17,8 | 102791 | 8,1 | 288007 | 31,2 |
| | **ВКУПНО** | **2195883** | **100,0** | **1273370** | **100,0** | **922513** | **100,0** |
| **2015** | **Вардарски** | 39636 | 1,7 | 13806 | 1,0 | 25830 | 2,5 |
| | **Источен** | 53357 | 2,2 | 31612 | 2,3 | 21745 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 1201927 | 50,2 | 745473 | 54,9 | 456454 | 44,0 |
| | **Југоисточен** | 412804 | 17,2 | 326515 | 24,0 | 86289 | 8,3 |
| | **Пелагониски** | 157766 | 6,6 | 104922 | 7,7 | 52844 | 5,1 |
| | **Полошки** | 60574 | 2,5 | 29041 | 2,1 | 31533 | 3,0 |
| | **Североисточен** | 15229 | 0,6 | 2863 | 0,2 | 12366 | 1,2 |
| | **Скопски** | 452912 | 18,9 | 103590 | 7,6 | 349322 | 33,7 |
| | **ВКУПНО** | **2394205** | **100,0** | **1357822** | **100,0** | **1036383** | **100,0** |
| **2016** | **Вардарски** | 41643 | 1,7 | 16557 | 1,2 | 25086 | 2,4 |
| | **Источен** | 66515 | 2,7 | 44645 | 3,2 | 21870 | 2,1 |
| | **Југозападен** | 1228617 | 49,9 | 778189 | 55,3 | 450428 | 42,7 |
| | **Југоисточен** | 437607 | 17,8 | 342646 | 24,4 | 94961 | 9,0 |
| | **Пелагониски** | 141153 | 5,7 | 90028 | 6,4 | 51125 | 4,9 |
| | **Полошки** | 52590 | 2,1 | 24887 | 1,8 | 27703 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 13751 | 0,6 | 3465 | 0,2 | 10286 | 1,0 |
| | **Скопски** | 479284 | 19,5 | 106726 | 7,6 | 372558 | 35,3 |
| | **ВКУПНО** | **2461160** | **100** | **1407143** | **100,0** | **1054017** | **100,0** |
| **2017** | **Вардарски** | 47189 | 1,7 | 17473 | 1,2 | 29716 | 2,3 |
| | **Источен** | 62957 | 2,3 | 38320 | 2,6 | 24637 | 1,9 |
| | **Југозападен** | 1365684 | 49,2 | 826774 | 55,8 | 538910 | 41,6 |
| | **Југоисточен** | 457162 | 16,5 | 351244 | 23,7 | 105918 | 8,2 |
| | **Пелагониски** | 161751 | 5,8 | 93314 | 6,3 | 68437 | 5,3 |
| | **Полошки** | 60249 | 2,2 | 27457 | 1,9 | 32792 | 2,5 |
| | **Североисточен** | 17207 | 0,6 | 3283 | 0,2 | 13924 | 1,1 |
| | **Скопски** | 602953 | 21,7 | 122595 | 8,3 | 480358 | 37,1 |
| | **ВКУПНО** | **2775152** | **100,0** | **1480460** | **100,0** | **1294692** | **100,0** |
| **2018** | **Вардарски** | 48649 | 1,5 | 21272 | 1,3 | 27377 | 1,8 |
| | **Источен** | 69419 | 2,2 | 39591 | 2,3 | 29828 | 2,0 |
| | **Југозападен** | 1539219 | 48,5 | 908457 | 53,9 | 630762 | 42,3 |
| | **Југоисточен** | 571670 | 18,0 | 463329 | 27,5 | 108341 | 7,3 |
| | **Пелагониски** | 203620 | 6,4 | 98618 | 5,9 | 105002 | 7,0 |
| | **Полошки** | 71929 | 2,3 | 32464 | 1,9 | 39465 | 2,6 |
| | **Североисточен** | 14185 | 0,4 | 3280 | 0,2 | 10905 | 0,7 |
| | **Скопски** | 658117 | 20,7 | 118262 | 7,0 | 539855 | 36,2 |
| | **ВКУПНО** | **3176808** | **100,0** | **1685273** | **100,0** | **1491535** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база и сопствени пресметки*

Слично на табеларниот преглед погоре за бројот на посетители, односно туристи кои ги посетиле планските региони во изминатите пет години, во оваа табела е даден бројот на ноќевања кои тие ги реализирале. За попластична и подобра прегледност на структурата и динамиката на ноќевањата на домашните и странските туристи во продолжение се дадени графички прегледи.

График бр. 4 – Преглед на вкупниот број на реализирани ноќевања на туристите (домашни и странски) по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графичкиот преглед е претставена динамиката на вкупниот број реализирани ноќевања од страна на туристите (домашни и странски туристи вкупно) во планските региони. Временската рамка за која се врши оваа анализа е изминатиот петгодишен период (2014-2018). Прв заклучок е дека вкупниот број на реализирани ноќевања на туристите во сите плански региони е во континуиран пораст во анализираните 5 години. Во 2014 година вкупниот број на реализирани ноќевања изнесувал 2195883, додека во 2018 година реализирани биле 3176808 ноќевања. Тоа значи зголемување од 44,7 % во однос на првата анализирана година (2014 година). Тоа е нешто помало зголемување во споредба со бројот на реализирани доаѓања. Од анализата на ноќевањата во овој временски период во планските региони може да се утврди дека првите три плански региони со најголем број остварени ноќевања остануваат скоро исти. На прво место се наоѓа Југозападниот плански регион, а потоа следат Скопскиот и Југоисточниот.

Југоисточниот плански регион  по бројот на остварени ноќевања бил пред Скопскиот само во 2014 година. Забележлив е фактот што според овој параметар Југозападниот плански регион предничи многу пред сите останати региони, вклучувајќи ги СКПР и ЈИПР. Процентуалното учество на ЈЗПР дури и се намалува во анализираниот период. Така, во 2014 година тоа изнесувало 49,9 % па се бележи благ пораст, за во последните две години да има благо опаѓање (48,5 % во 2018 година). Меѓутоа, разликата на реализирани ноќевања во ЈЗПР со останатите плански региони во државата е посебно изразен. Така, само за илустрација, ако се погледне последната анализирана година, во ЈЗПР реализирани биле вкупно 1539219 ноќевања што значи  повеќе од двојно ноќевања во споредба со второпласираниот Скопскиот плански регион (кој бележи процентуално учество од 20,7 %) и Југоисточниот на трето место (со процентуално учество од 18,0 %). Нивното заедничко процентуално учество (на ЈЗПР, СКПР и ЈИПР заедно) изнесува нешто повеќе од 85 %. Тоа е поизразено во споредба со бројот на реализирани доаѓања (околу 70 %), разгледано во претходната табела погоре. Останатиот дел на вкупните ноќевања во РС Македонија се распределени во другите 5 плански региони чие заедничко учество е нешто помалку од 15 %. Тоа зборува за потребата за преземање на итни акции за унапредување на ваквите неповолни состојби во тие плански региони.

График бр. 5 – Преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на домашните туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Во графикот е даден преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на домашните туристи во изминатите 5 години (2014-2018) во 8-те плански региони. Може да се забележи дека порастот на бројот на домашни туристи е исто така континуиран во изминатите 5 години. Во 2014 година во РС Македонија се регистрирани вкупно 1273370 ноќевања на домашните туристи, додека во 2018 година таа бројка изнесува 1685273, што претставува пораст од 32,3 % што е скоро на исто ниво како и зголемувањето на бројот на туристи (доаѓања). При разгледување на процентуалното учество на планските региони во оваа бројка, може да се забележи поголемо учество на Југозападниот плански регион во однос на вкупниот број реализирани ноќевања. Така, во 2018 година тоа учество на ЈЗПР изнесува 53,9. Тоа е дури поголемо учество отколку при анализата на бројот на доаѓања на домашните туристи. На второ место по бројот на ноќевањата се наоѓа Југоисточниот плански регион (со процентуално учество од 27,5 % во 2018 година), додека Скопскиот се наоѓа на трето место, но со многу помало процентуално учество (само 7,0 %). Тоа значи дека во ЈЗПР, само во 2018 година биле реализирани повеќе од половина ноќевања на ниво на државата. Заедничкото учество на прворангираните три плански региони изнесува нешто повеќе од 88 %. Тоа е дури повеќе отколку кај анализата на реализирани доаѓања (посети) на домашните туристи.

График бр. 6 – Преглед на бројот на реализирани ноќевања од страна на странските туристи по плански региони – 2014-2018 година




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ – Мак-Стат база*

Од графичкиот преглед може да се анализира распределеноста на реализираните ноќевања од страна на странските туристи во периодот од 2014 до 2018 година. И овде може да се забележи континуиран пораст на овие бројки во петгодишниот период. Меѓутоа, овој пораст е поизразен отколку кај реализираните ноќевања од страна на домашните туристи. Имено, во 2014 година на ниво на држава биле реализирани вкупно 922513 странски ноќевања, за во 2018 тоа да порасне на дури 1491535. Тоа претставува зголемување од 61,7 %. Ова зголемување е на слично ниво како при анализата на бројот на странски доаѓање во претходната табела. Во однос на ноќевањата на домашните туристи, зголемувањето кај странските туристи од 2014 до 2018 година е скоро двојно повеќе. Доколку се анализира структурата на ноќевањата на туристите (домашни и странски во вкупниот број), може да се забележи дека ноќевањата на домашните туристи бележат поголемо процентуално учество во вкупниот број на ниво на држава, отколку ноќевањата на странските. Така, во 2018 година процентуалното учество на ноќевањата на домашните туристи во вкупниот број изнесува 53,0 %, наспроти ноќевањата на странските 47,0 %. Ова е интересен податок бидејќи од претходната табела која се однесуваше на бројот на реализирани доаѓања имаме поголемо процентуално учество на странските туристи, отколку домашни (57,8 % странски туристи наспроти 42,2 % домашни). Тоа значи дека домашните туристи имаат подолго траење на престојот во однос на странските. Ваквото процентуално учество на ноќевањата има тенденција на урамнотежување помеѓу домашните и странските туристи во изминатите 5 години. Имено, во 2014 година процентуалното учество на ноќевањата на домашните туристи изнесувало 57,9 % наспроти ноќевањата на странските туристи 42,1 %. Тоа зборува за потребата за креирање на такви туристички содржини со кои не само би се привлекувале повеќе странски и домашни туристи, туку и да се создадат услови за подолг престој, посебно за странските туристи. Доколку се анализира распределеноста на ноќевањата на странските туристи по региони може да се забележи дека првите три места повторно ги држат истите три плански региони, како кај анализата на ноќевањата на домашните туристи. Така, на прво место во 2018 година е ЈЗПР со 42,3 %, додека блиску зад него на второто место се наоѓа СКПР со процентуално учество од 36,2 %. Далеку зад нив, на трето место, се наоѓа Југоисточниот плански регион со процентуално учество од само 7,3 %. За разлика од анализата на бројот на туристи во планските региони, може да се забележи дека и покрај тоа што во СКПР дошле повеќе странски туристи отколку во ЈЗПР (процентуално учество од 45,4 % наспроти 33,7 %), во ЈЗПР се реализирани повеќе странски ноќевања. Тоа значи дека во СКПР странските туристи имале многу краток просечен престој за разлика од ЈЗПР. Заедничкото процентуално учество на трите прворангирани плански региони по овој основ е повеќе од 85 %. Тоа значи дека

останатиот дел на странските ноќевања е распределен на другите 5 плански региони што е премалку.

Заеднички заклучок од анализата на ноќевањата на туристите по плански региони во анализираниот петгодишен период е дека домашните туристи реализирале повеќе ноќевања од странските. Ова е во директна корелација со туристичката потрошувачка. Имено, подолгиот престој имплицира и повисока потрошувачка. Во овој поглед треба да се работи на унапредување на должината на престој на странските туристи. Тоа може да се реализира со збогатување на содржината на престој на странските туристи. Важна улога во оваа насока би имале атрактивните селективни видови туризам, како што се активниот, руралниот и културниот. Исто така од анализата може да се заклучи преголемо учество на два региони во вкупниот број остварени ноќевања во РС Македонија (Југозападниот и Скопскиот). Тоа е поизразено за странските туристи кои на еден начин се концентрирани во овие два региони. Посетеноста и престојот на останатите плански региони е на прениско ниво. Поради тоа, структурите за развој на туризмот траба да изнајдат начини за урамнотежување на ваквите дискрепанции. Тоа може да се овозможи со креирање атрактивни содржини во недоволно посетените плански региони. Важна улога во оваа смисла би имале културно – туристичките, рекреативно – адреналинските и руралните содржини со оглед на фактот што скоро сите плански региони располагаат со бројни значајни вредности од ваков тип кои се недоволно искористени. Акциониот план во рамките на оваа Потстратегија ги има земено во предвид ваквите констатации.

### *4.2 Анализа на состојбите поврзани со културниот туризам во РСМ*

За идентификување на поволните услови и потенцијали за креирање на културно – туристички содржини и со тоа креирање на развојни стратегии, треба да се пристапи кон ситуациона анализа на културниот туризам во РС Македонија. Оваа анализа овозможува регистрирање на областите на интервенирање со цел интензивирање на постојното ниво на развој на културниот туризам. Ваквата ситуациона анализа во себе опфаќа анализа на законската регулатива, односно легислатива која го третира туризмот поврзан со културата и некои од елементите на културниот туризам. Потоа, ситуационата анализа се однесува и на прегледот на досегашните стратешки документи кои го третираат културниот туризам во своите развојни анализи и преземања. Тоа во рамките на анализата на состојбите е извршена според регионалниот пристап. Во оваа смисла опфатени се релевантните и најновите стратешко-развојни документи во секој од

планските региони. Потоа, опфатени се и планските региони во смисла на анализа на потенцијалите со кои тие располагаат за развој на културниот туризам. Извршена не е само инвентаризација на сите расположливи ресурси и вредности на културниот туризам, туку извршена е и нивна валоризација и приоритетизација. Тоа е во насока на изведување на процесот на мапирање во подоцнежните истражувачки фази на оваа Потстратегија. Во оваа смисла е и анализата на понудата и побарувачката на секој од планските региони за културен туризам во кои се користени секундарни податоци од теренско истражување извршено во дел од истражувачкиот тим во планските региони на РС Македонија.

Анализата на состојбите поврзани со културниот туризам е во насока на зонирање на просторни целини со потенцијал за развој на културниот туризам. Ваквото зонирање се однесува како на идентификување на веќе постоечки комплекси со културно – туристичка понуда и збогатување на таквите содржини, така и на креирање на нови просторни целини со создавање на атрактивни културно – туристички активности и збир на вредности и услуги

### *4.2.1 Анализа на законската регулатива*

Културното наследство, а со тоа и делумно културниот туризам е регулиран преку **Законот за заштита на културното наследство** во РС Македонија и **Законот за културата на РС Македонија**. Со Законот за заштита на културното наследство се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во РС Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004, 71/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18). Освен тоа што ги разработува и диференцира вредностите на културното наследство, овој закон го опфаќа во одредена мера и културниот туризам. Така, културниот туризам се разгледува како еден од основните начини за заштита на недвижното културно наследство. Поточно, „заштитата на недвижното културно наследство се остварува... како и со негов третман како фактор на одржливиот економски и социјален развој, особено во насока на развојот на културниот туризам, домувањето, специфичните занимања и едукацијата“ (Член 6). Понатаму во член 114-а на овој закон

културниот туризам е опфатен како еден од основните начини за презентација на културното наследство.

Според **Законот за туристичка дејност** („Службен весник на РМ“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/12, 164/13. 27/14, 116/15, 53/16) се опфатени елементи на културниот туризам. Така, во член 2 на Законот, во делот за „Други услуги“ на туристичките агенции е предвидено продавање на билети за културни манифестации. Со членот 14 на Законот е предвидено туристичката агенција и сама да организира културни и спортски манифестации. Во член 13, како вид на туристички услуги на агенцијата е вршењето на туристички информативно - советодавни и промотивни активности, како давање на информации за карактеристиките на туристичките дестинации за културниот и забавниот живот. Потоа, „туристичко место“ се дефинира како подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите (Член 3 на Законот за туристичка дејност). Со тоа формално – правно се признаваат културните вредности како неизоставен елемент на туристичките места, односно дестинации. Во истиот закон во член 6, како вршители на туристичка дејност се определуваат и културно – уметничките здруженија и друштва. Во член 39 каде се дефинира туристичкиот водич стои дека тоа е лице кое на домашните и странските посетители во РСМ им ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи. Туристичко биро може исто така да продава билети за културни, забавни, спортски, рекреативни и стопански приредби (Член 49 на Законот за туристичка дејност).

**Законот за угостителска дејност** во РС Македонија исто така содржи елементи на културно – туристичка активност. Тоа е опфатено во делот на работењето на угостителските објекти. Така, во член 19-а на Законот каде се предвидени критериумите за добивање на ознака „угостителски објект за исхрана - меана“ - при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од домашната традиционална култура, народни инструменти, носии, покуќнина - садови и слично (Закон за угостителска дејност – „Службен весник на РМ“, број 186/2003, 16/2006, 116/2006, 116/2006, 116/2006, 130/2007, 117/2008, 145/2008, 33/2011, 159/2011, 175/2011, 36/2013, 149/2014, 149/2014, 149/2014, 149/2014, 152/2014, 152/2014, 152/2014, 169/2014, 96/2016, 100/2016, 100/2016, 121/2016, 195/2016,

195/2016). Со тоа се презентира дел од етнографското наследство во РСМ на туристите во ваквите објекти. За адекватноста во исполнувањето на критериумите за добивање на ваквата ознака од страна на угостителскиот објект се формира комисија која дава оценка. Во комисијата учествуваат: еден член на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден член од Министерството за култура, еден член од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресурси, еден член од туристичките комори и еден член од угостителското стопанство. Со тоа ќе се овозможи професионалност во работењето на ваквите угостителски објекти. Друга комисија во која членува еден член од Министерството за култура претставува комисијата за категоризација ма угостителски објекти за сместување (член 27-а од Законот за угостителска дејност). Во контекст на културниот туризам се и критериумите за добивање ознака на угостителските објекти за сместување во селски домаќинства во руралните средини според член 53-б на Законот според кој: "при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од традиционалната култура, народни инструменти, носии, покуќнина, садови и слично". Со тоа овој член оди во полза на правилно претставување на етнографското наследство на туристите сместени во руралните средини.

Законските прописи разработени погоре го опфаќаат културниот туризам во одредени негови сегменти. Постои законска основа за сфаќањето и прифатеноста на културниот туризам како значаен чинител на туристичкиот и општиот социо – економски развој на државата. Поради тоа може да се заклучи дека Потстратегијата за културен туризам ги почитува законските прописи кои ја регулираат културата, нејзината заштита и развој, како и туризмот и угостителството. Овој стратешки документ може да претставува основа и за идно дефинирање на различни подзаконски акти поврзани со културата и туризмот во насока на унапредување на културно – туристичкиот развој, не само на национално, туку и на регионално и локално ниво.

### *4.2.2 Анализа на стратешките документи поврзани со културниот туризам*

Постојат и стратегии на национално ниво кои се однесуваат на развојот на културата. Од Законот за културата („Службен весник на РСМ" број 31/1998, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18) произлезе и Националната стратегија за развој на културата во РС Македонија во периодот 2018-2022 година (Член 9 на Законот за културата). Стратегијата претставува

основен стратегиски документ за областа на култура, како за работа на Министерството за култура, така и за други субјекти кои делуваат во полето на културата. Во периодот 2018-2022 со Националната стратегија се определува основната визија за развој на културата, како и конкретни општи и поединечни стратегиски цели кои треба да се исполнат во наведениот временски интервал. Со него се согледани состојбите на културата во изминатата деценија и според нив се предложени принципи и насоки за развој, како и приоритети во дејностите од културата. Од аспект на културниот туризам со оваа Стратегија се предвидени главни стратегиски насоки во процесот на децентрализација, односно мерките за нивна реализација. Во оваа смисла, една од мерките претставува: „Финансиска поддршка на соработката со локалниот деловен сектор, особено заради унапредување на културниот туризам (на пример, со туристичките агенции за таканаречените „културни патеки“), културните индустрии и занаети, како и независната културна сцена.“. Тоа значи дека со оваа Стратегија се предвидени финансиски средства кои треба да се обезбедат од Буџетот на РС Македонија преку Министерството за култура како главен носител на активностите за имплементација на оваа Стратегија. Понатака во стратегиските заложби предвидени преку Националната стратегија кои се однесуваат на евроинтеграциите се предвидува: „Еден од приоритетите во процесот на евроинтеграциите во културата ќе биде и интер-секторската соработка и координација со другите министерства, органи и агенции на владино и ка локално ниво. Целта е да се акумулираат разни видови поддршка и да се овозможи социо-економски напредок, и тоа во следниве области: културното наследство, вклучувајќи го и индустриското наследство и културниот туризам; културната економија; креативните индустрии; културната едукација; дигитализацијата; издаваштвото итн. Со тоа овој документ има големо значење за унапредувањето на културниот туризам во РС Македонија.

Потстратегијата за културен туризам претставува стратешки документ кој е во согласност со заложбите на национално ниво за креирање на нови туристички атракции. Поточно, тоа е во корелација со предвидените стратешките преземања на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) во рамките на нивниот Стратешки план за 2020 година. Имено, во рамките на нивната Стратегија како показател на успешност е наведена поддршката на културните атракции во РС Македонија (културни атракции во градовите Охрид, Струга и Скопје, промоција на археологијата и гастрономијата во државата и др.). Овој показател на успешност е дел од Резултатот 3: Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции. Понатака, во рамките на Стратешкиот план во делот Резултат 5: Поддршка во делот на субвенционирање на туристичкиот сектор е предвидена финансиска поддршка на препознатливи културни манифестации на локално ниво. Освен финансиската поддршка, унапредувањето на овој вид на туризам ќе биде овозможено со соодветни промотивни активности и маркетинг стратегии.

Во новата нацрт – Национална стратегија за туризам на РС Македонија како една од активностите кои треба да се реализираат претставува развивањето на програми за обука за вработени на места кои претставуваат културно наследство. Исто така треба да се креира и база на податоци и план на заштита на културното наследство во државата. Културниот туризам според националната стратегија се дефинира како еден од трите основни видови на туризам кои треба да се развијат: „За да се привлечат повеќе странски посетители, Македонија треба да се фокусира на градски, културен и езерски туризам“.

Националната стратегија за одржлив развој во РС Македонија (2009-2030 година) исто така содржи значајни компоненти кои се однесуваат на соодветно управување на културното наследство во РС Македонија и развојот на туризмот во оваа смисла. Во рамките на оваа Национална стратегија во една од препораките за одржлив развој преку поддршката на малите и средните претпријатија се смета дека: „Највисок потенцијал за мали и средни претпријатија постои во следните сектори: туризам, индустрија (текстилна, машинска, автомобилска, енергетска и транспортна, ИКТ), земјоделство (примарно производство и биогорива) и производство на храна (конзервирање, вино, сирење, тутун, храна-стари рецепти, билки итн.) и занаетчиство (уметнички занаети, дрворезба, културни услуги)“. Тоа значи дека со Стратегијата се прифаќа значењето на ваквите мали и средни производители кои го имаат во развојот на културниот туризам, а со тоа и социо-економскиот одржлив развој на РС Македонија. Исто така, со овој стратешки документ е регистрирана постојната состојба на културното (и природното) наследство во РС Македонија, што е оценето како позитивна, но се утврдуваат и потребите за нивна заштита во иднина: „...богатите природни и културни ресурси на Република Македонија во моментот се сеуште неуништени. Сето ова, во контекст на одржливиот развој, значи дека се потребни мудри чекори и активности насочени кон превенција и заштита на животната средина и природното и културно наследство.“ Во продолжение се тврди дека: „Целите и насоките, како почетна точка би требало да ги имаат богатите и релативно неуништени природни и културни ресурси на Република Македонија. Оттука, целта ќе биде насочена кон одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт.“ За тоа да се постигне потребно е да се развие и соодветен вид на туризам. Во оваа смисла е и потенцијалот на културниот туризам. Имено, како една од дефинираните потреби во рамките на дијагнозата на целокупните состојби на одржливиот развој во РС Македонија стои: „Потреба од структурирано стратешко работење и планирање во туризмот, кој претставува сектор со голем потенцијал “

Значаен стратешки документ кој се однесува на развојот на културата, туризмот, а со тоа и на културниот туризам на државно ниво, претставува и Стратегијата за регионален развој на РС Македонија (2009 – 2019 година) (Службен весник на РСМ број

119/09). Со оваа Стратегија определена е значајна приоритетна заложба (Приоритет 1.5) – Креирање на конкурентски предности на планските региони, преку исполнување на мерката: „Оптимално користење на природното и културно-историското наследство во функција на развој на туризмот (согласно со приоритетите во Стратегијата за туризам)“. Друга мерка во рамките на истоимениот приоритет е: „Обезбедување на институционална поддршка за развивање на различни видови туризам на ниво на планските региони“, односно „Заштита на природното и културно-историското наследство (сите плански региони)“. Со Потстратегијата за културен туризам е предвидено да се унапреди конкурентноста на РС Македонија во однос на културниот туризам. Поради тоа таа е во согласност и со Стратегијата за регионален развој на РС Македонија.

Поради тоа што Потстратегијата за културен туризам опфаќа и анализи и препораки за унапредување на овој вид туризам на регионално ниво, мора да се опфатат и соодветните регионални стратешки документи. Во таа смисла се донесените Регистри за потенцијалите за развој на рурален туризам во секој од планските региони. И покрај тоа што тие се однесуваат на можностите за развој на руралниот туризам, во нив се опфатени и антропогените (културните) вредности и потенцијали кои се присутни во секој од регионите. Тоа претставува важна основа за изведувањето на инвентаризацијата и валоризацијата, а со тоа и приоритетизацијата на културните ресурси и атракции во рамките на Потстратегијата за културен туризам.

Од сите претходно наведени стратешки документи на национално ниво може да се утврди дека досегашните стратешки документи само парцијално ја обработуваат проблематиката на развојот на културниот туризам. Постојат елементи на различните аспекти на процесот на одвивање на културниот туризам или овозможување на предуслови и критериуми за негово изведување, но не постојат конкретни заложби, цели, приоритети, преземања, активности и задачи кои се однесуваат на организација, имплементација и содржајно унапредување на развојот на културниот туризам на ниво на државата. Од тоа произлегува и значењето на оваа Потстратегија за културен туризам во кој детално ќе се утврдат постојните услови и состојби, како и дефинирање и приоритетизација на потенцијалите за развој на културниот туризам, не само на национално ниво, туку и на регионално и локално.

Во смисла на пропозициите за изработка на Потстратегијата за култура, треба да се изврши и анализа на стратешките документи на регионално ниво. Во таа функција се Потстратегиите за развој на секој од планските региони, како и стратегиите и програмите за развој на туризмот на регионално и локално ниво. Значајни стратешки документи во насока на развојот на културниот туризам претставуваат Регистрите на потенцијалите за развој на руралниот туризам на секој од планските региони. Иако културното наследство во нивни рамки имаат повеќе комплементарно значење, наодите од тие истражувања

одат во прилог на определувањето на инвентаризациска рамка за изработка на Потстратегијата за културен туризам. Во продолжение се наведени и анализирани стратешките документи на регионално ниво на секој од планските региони на РС Македонија, а се во контекст на развојот на културниот туризам.

**Скопскиот плански регион (СКПР)** исто така веќе претставува етаблирана туристичка дестинација за културен туризам. Поради тоа стратешките и планските документи на овој плански регион го земаат тој факт во предвид. Еден од најважните стратешки документи претставува Програмата за развој на Скопскиот плански регион 2015-2019 во кој се идентификува културниот туризам со најголем потенцијал за развој во овој плански регион. Исто така во самата визија на програмата културното наследство зафаќа важно место: „*Скопскиот плански регион е конкурентен регион во ЈИЕ со препознатлив потенцијал за инвестиции и развој во функција на подигање на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните и искористување и заштита на природното и културно наследство рамномерно во регионот*“. Потоа, како значајна мерка која се однесува на промоцијата на заштитените подрачја е се наведени кањонот Матка и повеќенаменското подрачје Јасен кои располагаат исто така со важни вредности на културното наследство. Исто така како значајна среднорочна цел е опфатено - Одржливо користење на природното и културното наследство, во функција на туризмот, а во таа смисла и приоритетни активности и мерки кои се однесуваат на заштитата на културното наследство. Покрај Програмата за развој на Скопскиот плански регион, треба да се земе во предвид и стратешкиот документ – Регионална туристичка понуда на Скопски плански регион. Така, според овој документ, во рамките на мапирањето на туристичките дестинации во рамките на планскиот регион се идентификувани културните атракции како една од најзначајните за креирање на конкретни туристички понуди во дефинираните просторни целини. Освен што е извршена инвентаризација на културното наследство, културните атрактивности како што се религија, уметност, фолклор, театар, музика, игри, фестивали се дефинирани како значајни општествени погодности кои влијаат врз изборот на конкретната дестинација. Со тоа овој документ го опфаќа културното наследство во поширока смисла што е во согласност со стратешките определби на Потстратегијата за културен туризам. Како значаен приоритет на стратешките цели во рамките на документот претставува унапредувањето на презентацијата на културното наследство, но исто така и развивањето на алтернативните видови туризам преку користење на културните можности на просторот. Составен дел претставуваат и светските трендови во туризмот, односно развивањето на културниот туризам. Со тоа овој тренд е интегриран дел на стратешките определби на документот. Потоа, една од значајните одржливи цели претставува одржливото користење на културното (и природното) наследство со преземање на конкретни мерки за заштита на загрозените вредности. Еден од главните приоритети претставува: „Зајакнување на

капацитетите и партнерствата во функција на искористување на природното и културното наследство со цел развој на туризмот“, додека значајна приоритетна мерка претставува промоцијата на вредностите со конкретни активности за обезбедување на финансиски средства за ваква намена.

Како најважен стратешки документ на регионално ниво во **Североисточниот плански регион (СИПР)** може да се определи Програмата за развој на Североисточниот плански регион 2015-2019. Овој стратешки документ го препознава значењето на културно – историското наследство како потенцијал за компаративна предност на регионот. Имено, наведени се такви културно – историски вредности кои имаат и светско реноме (на пр. мегалитската опсерваторија „Кокино“). Исто така во рамките на регионот регистрирани се природни и културни вредности кои може да бидат основата за креирање и развој на алтернативни видови туризам, како и културниот туризам како еден од доминантните видови. Имено, како еден од значајните приоритети кои треба да се постигнат во рамките на програмата е развивањето на културниот туризам и креирањето на други селективни видови. Според тој приоритет: „Развојот на селективните видови на туризам ќе овозможат привлекување на туристи кои ќе се запознаат со ретките природни и културните богатства на регионот, интересните културни пејзажи, како и со богатите етнографските вредности и традиционалната храна“. Мерката за валоризација и мапирање на природното и културното наследство во планскиот регион наведува дека се потребни понатамошни студии за регистрирање, валоризација и приоритетизација на културното наследство во регионот. Промоцијата на ваквите вредности е во функција на креирање на тематски содржини поврзани со културните вредности или нивно вклучување во алтернативно – туристичките понуди. Во оваа насока е и изработката на Потстратегијата за културен туризам.

Во **Источниот плански регион (ИСПР)** важен стратешки документ кој конкретно се занимава со развојот на туризмот претставува: Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион со Акционен план 2016 – 2025. Во него се дефинираат атрактивните туристички ресурси од природен и антропоген вид кои ги задоволуваат потребите на туристите (рекреативни и културни). Исто, така ги дефинира туристичките атракции и туристичките места како целини од природен и културен вид. Со тоа се поставени основните предуслови во самата Стратегија за развој на туризмот. Освен тоа што се спомнати основните поимни дефиниции кои се однесуваат на културното наследство како значаен елемент на понудата, во рамките на Стратегијата во самата визија е спомнато значењето на културното наследство. Имено: визијата е *„Источниот плански регион во следните неколку години да создаде неколку респектабилни туристички дестинации, чии производи ќе се базираат врз природното и културното наследство на регионот и врз традицијата на луѓето што живеат тука; производи*

*препознатливи по својот квалитет и целосно прилагодени кон барањата и потребите на современите туристи*". Понатака извршена е детална анализа, односно инвентаризација на културно – историските вредности во регионот. Како една од основните силни страни и можности на Источниот плански регион во рамките на Стратегијата претставува културно – историското богатство на релативно мал простор. Во рамките на Стратегијата како значаен принцип на креирањето на туристичките производи од висок квалитет се препознава културно – историското наследство како основа за креирање на такви производи. Во таа смисла, валоризирани се одредени културни вредности на регионот во насока на креирање на различни видови на културен туризам: етно туризмот и религиозниот – манастирски туризам. Освен тоа што се регистрирани најважните културни вредности во регионот кои имаат најголем потенцијал креирање на конкретни културно – тематски содржини и понуди, во Стратегијата се вклучени и оние вредности кои имаат комплементарен карактер во интегрираните туристички понуди во вид на туристички рути (комбинација на природни и културни вредности). Предложени се и конкретни тематски рути, а културните вредности имаат и значајно место во акциониот план во неколку потребни преземања.

**Југоисточниот плански регион (ЈИПР)** во своите стратешки определби го има земено во предвид културното наследство. Во таа смисла, во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019 како стратешко – развоен документ, во една од стратешките цели кои треба да се исполнат во дадениот временски период се наведува одржливиот развој на туризмот и културата. Потоа културниот и религискиот (црковниот) туризам се наведуваат како значајни развојни потенцијали на туристичката понуда на регионот. Културното наследство и културните институции се дефинирани како предности (силни страни) за туристичкиот развој во рамките на SWOT-анализата на експертскиот тим. Додека пак, како слаба страна е наведена недоволната заштита и уреденост на културно – историските објекти и археолошките локалитети. Исто и во овој плански регион културното наследство претставува значајна категорија на нивната визија во рамките на Програмата: „*Југоисточниот регион до 2019 година ќе биде привлечно место за живеење, двигател на сопствениот одржлив развој, со задоволни и мотивирани граѓани, препознатливи производи со додадена вредност, посакувана дестинација со препознатливи особености и културно – историски вредности*". Од ова произлегува дека културниот туризам претставува значајна приоритетна категорија на идниот развој на ЈИПР како препознатлива туристичка дестинација за ваква намена.

Во **Вардарскиот плански регион (ВАПР)** значаен стратешки документ кој е во функција на развојот на туризмот претставува Програмата за развој на Вардарскиот плански регион. Во насока на унапредување на културниот туризам важно е да се спомне промоцијата и унапредувањето на културното наследство како една од областите за

развој на планскиот регион. Потоа, детално се инвентаризирани вредностите на културното наследство, како значаен потенцијал за развој на туризмот. Меѓутоа, како слаба страна е идентификувано непостоењето на регионална културно – туристичка понуда, односно понуда која подразбира соработка и заеднички настап на повеќе општини во рамките на регионот. Но, исто така културниот туризам е дефиниран како значајна можност за унапредување на конкурентноста на регионот на туристичкиот пазар. Важно е да се спомне дека утврдена е конкретна цел која се однесува на заштитата и промоцијата на културното наследство во регионот, а тоа се постигнува со посебна активност, односно мерка за креирање на културна туристичка понуда. Друга конкретна цел претставува и афирмацијата и промоцијата на археолошкото и културното наследство на планскиот регион. Тоа е во согласност со преземањата во Потстратегијата за културен туризам.

И во рамките на **Пелагонискиот плански регион (ПЕПР)** постојат повеќе стратешки документи кои се однесуваат на туристичкиот развој од кои треба да се издвои Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015-2019. Во рамките на Програмата како значаен недостаток е идентификувана недоволно добрата пристапност на голем број на културни ресурси и вредности. Како еден од доминантните потенцијали на туристичката понуда на регионот во рамките на Програмата претставува богатото културно – историско наследство од различен вид во планскиот регион. Во извршената SWOT – анализа како силна страна претставуваат бројните етаблирани културни манифестации, дури некои со светско реноме. Како слаби страни во истата анализа идентификувани се непочитувањето на Законот за заштита на културното наследство во дел од општините на регионот, недоволната грижа на институциите за објектите од културата и непостоењето на категоризација на културни настани и манифестации. Значаен проблем во врска со организирањето на настани и манифестации во рамките на регионот претставува недоволната регионална соработка. Тоа е со цел за подигнување на нивниот квалитет и реноме. Значајно е да се спомне Стратешката цел: „Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет.“ Имено, како приоритети кои произлегуваат од оваа стратешка цел се дефинирани две приоритетни активности кои стриктно се однесуваат на културното наследство, односно на културно – туристичката понуда: „Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот“ и „Унапредување и заштита на културата и културното наследство“. Со тоа во конкретните преземања насочени кон развојот на туризмот, културното наследство зазема значајно место и улога.

**Југозападниот плански регион (ЈЗПР)** претставува туристички најразвиениот во РС Македонија. Поради тоа може да се определат повеќе документи од стратешко – развоен карактер кои културниот туризам го ставаат на едно од најзначајните места. Ова

произлегува и од самиот факт што во рамките на планскиот регион се наоѓа и просторот на Светско културно (и природно) наследство, заштитено од страна на УНЕСКО (општините Охрид, Струга и Дебрца). Во оваа смисла како значајна стратешка рамка претставува Предлог – законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Иако се работи за стратешки документ кој опфаќа само дел од целокупниот плански регион, значењето на овој документ има далекусежни последици не само за целиот регион, туку и за целата држава. Начинот на управување со културното наследство во Охридскиот регион има свои специфичности поради статусот на Светско културно наследство. Од тоа произлегува и специфичноста на развојот на културниот туризам на разгледаниот простор. Иако се работи за Предлог – закон, тој во изворна или изменета форма ќе биде имплементиран во иднина со што ќе има значајно влијание врз идните програми и стратегии за развој на туризмот во планскиот регион. Дел од главните цели на овој стратешки документ, а кои директно се однесуваат на развојот на културниот туризам се: „создавање на услови за заштита, популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион“; „создавање на услови за одржлив развој на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебрца, преку соодветно користење на природното и културното наследство на Охридскиот регион“ и „вклучување на РС Македонија и општините Охрид, Струга и Дебрца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународната заштита на природното и културното наследство“. Со овој предлог закон е предвиден да се имплементира и Акционен план со приоритети, мерки и активности. Акциониот план првенствено предвидува приоритети за отстранување на загрозувањата на културното (и природното) наследство во Охридскиот регион, а е во функција на заштита на вредностите, а со тоа и задржување на Статусот на Светско културно (и природно) наследство.

Друг стратешки документ на планскиот регион, кој ги опфаќа и останатите општини на регионот, а е значаен за развојот на туризмот и во таа смисла на културниот туризам, претставува Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019. Во рамките на овој документ се препознаваат културно – историските вредности на недвижното наследство како значаен туристички потенцијал. Така, освен културните вредности и потенцијали, значајни се и бројните институции од обласла на културата кои се значајни стејкхолдери на туристичкиот развој. Визијата и на овој стратешки документ го идентификува значењето на културното наследство. Имено, визијата е: *„Југозападниот плански регион е социо-економски и инфраструктурно развиен, со одржливо управување со природните ресурси, почитување на мултикултурните различности, сочувана животна средина и препознатливо културното наследство*.“

Во **Полошкиот плански регион (ПОПР)** постои значаен стратешки документ на регионално ниво како и во другите плански региони. Имено, се работи за Програмата за

развој на Полошкиот плански регион 2015-2019. Овој документ придава релативно големо значење на развојот на туризмот во планскиот регион, а со тоа и на развојот на културниот туризам. Во таа смисла една од предвидените среднорочни цели која треба да се оствари претставува: „Одржлив развој на спортско-рекреативните центри во регионот преку валоризација на природните и културните вредности“. Со тоа се ставаат културните вредности во функција на развојот на туризмот. Во Визијата на оваа програма се идентификувани културните вредности на различните етнички групации и нивниот потенцијал за развојот на туризмот. Имено визијата гласи: *„Регион со развиена инфраструктура и создадени партнерски односи за брз одржлив урбан и рурален развој со модерни туристички капацитети, каде се негуваат мултикултурните вредности и оптимално се искористуваат природните богатства на/и Шар Планина*.“ Исто така се препознава проблемот со заштитата на културното (и природното) наследство во рамките на планскиот регион. Поради тоа како индикативна активност во идните преземања претставува: „Изготвување на предлози за регулирање на степенот на заштита на природните и културните вредности“. Друга индикативна активност која треба да се преземе претставува зголемувањето на промоцијата на природното и културното наследство, со цел да се зголеми присуството на таквите вредности во постојните туристички понуди и програми. Посебно значајна е индикативната активност на креирање на нови туристички производи и програми кои конкретно се однесуваат на културниот туризам.

Во доменот на анализата на стратешките документи кои се однесуваат на развојот на културниот туризам треба да се споменат и процесите на сертифицирање во рамките на Европската Унија (ES), односно Советот на Европа (CE). Во оваа смисла важен фактор на развојот на квалитетни културно – туристички содржини има сертифицирањето на таканаречена „Културна рута на Советот на Европа“ (Cultural Route of the Council of Europe). Постојат точно утврдени насоки и критериуми за прогласување на одредена културна рута со овој назив (Council of Europe, Resolution CM/RES(2013)6767 on the award of the “Cultural Route of the Council of Europe”). Во својата суштина културните рути на CE претставуваат европски меѓунационални мрежи со даден легален статус во форма на асоцијација или федерација. Основен предуслов за добивање на статус на ваква културна рута е да има вклучено барем 3 држави кои се земји членки на Европскиот Совет (https://pjp-eu.coe.int/en/web/cultural-routes-and-regional-development/certification-guidelines). Во ваквата мрежа на креираната културна рута можат да бидат вклучени и држави кои се потписници на EPA – спогодбата. (*Enlarged Partial Agreement on Cultural Routes)*. За РС Македонија ова претставува потенцијална идна можност за креирање на вакви сертифицирани рути. Имено, До креирањето на оваа Потстратегија нашата држава не е

потписник на наведената спогодба (https://www.coe.int/en/web/cultural-routes/epa-member-states).

Како што може да се утврди од горенаведената анализа на стратешките документи на национално и на регионално ниво, културното наследство, неговата заштита и одржливо користење преку неговото вклучување во културниот туризам има значајно место во стратешките заложби за развој на планските региони. Меѓутоа, само во одредени плански региони постојат посебни преземања за креирање на стриктно културно – туристички понуди, програми и производи. Со тоа се поставува реалната потреба за креирање на посебен документ од стратешко – плански карактер за креирање на приоритетни вредности кои ќе ја имаат основната улога во новокреирани културно – туристички содржини, како и идентификување на комплементарни вредности кои може да се вклучат во туристичките понуди на останати селективни видови туризам. Со тоа значително ќе се подобри содржината на престојот на туристите, како и ќе се зголеми и нивото на квалитет на понудените услуги, производи и активности. Важно е да се напомене дека културно – туристички содржини и рути не се креираат само во урбани средини. Имено, дури 90 % од креираните културни рути во Европа се лоцирани во рурални средини (https://ec.europa.eu/growth/sectors/tourism/offer/cultural_en).

### *4.2.3 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам по плански региони*

Со цел да се креираат атрактивни понуди и содржини на културниот туризам како селективен вид, потребно е да се изврши регистрирање, односно инвентаризација на сите вредности. Потоа истите треба да се анализираат од аспект на можностите да се вклучат во конкретни содржини и понуди, односно треба да се изврши нивна валоризација. Како што веќе е објаснато, антропогените, односно културните вредности се групирани во следните видови: урбанизам и архитектура (комплекси на традиционална архитектура во урбани и рурални средини), објекти на сакрална архитектура (христијански и муслимански), објекти на профана архитектура (јавни градби, споменици), археолошки локалитети и тврдини, музеи и спомен куќи, настани и манифестации (религиски, културни и гастрономски), етнографско наследство (традиционални стопански активности, фолклорни вредности, регионални гастрономски специјалитети/производи). Во продолжение се дадени културните вредности со кои располагаат планските региони во РС Македонија. Во таа смисла одделени и анализирани

се оние кои пројавуваат најголем потенцијал за активирање во постојната или нова културно – туристичка понуда. Целокупниот инвентаризиран преглед на сите расположливи потенцијали од културен вид се дадени во прилог како анекс на овој документ во табеларни прикази.

Ваквата анализа всушност претставува детерминирање на туристичката понуда за културен туризам. Идентификуваните содржини се основни елементи на постојната и идната туристичка понуда. За изведување на оваа анализа се користени меѓународни искуства. Тие се опфатени преку адаптирана методолошка рамка која е докажана во меѓународни рамки. Тоа претставува таканаречениот „ФАС – методолошки пристап“кој подразбира регистрирање на вредности, појави и процеси кои може да се поделат на три главни групи: „фактори“, „атрактори“ и „поддршка“. Во продолжение се опфатени факторите и атракторите како основни конститутивни елементи на културно – туристичката понуда. Овој пристап е најсоодветен за согледување на планските региони како туристички дестинации кои се сфаќаат како збирови на трите главни потсистеми (фактори, атрактори и поддршка) во кои треба да се изврши зонирање според идентификуваните содржини.

Според оваа методологија во продолжение содржински се анализирани оние вредности кои имаат најизразени потенцијали за развој и кои се веќе ставени во функција на туризмот на директен или индиректен начин. Тоа се „атракторите“ според меѓународно прифатената ФАС – методологија, а може да се поимаат и како **културно – туристички атракции.** Потоа, значајни содржини за идно нивно активирање во туристичка смисла претставуваат „факторите“ кои се дадени во детални табеларни прегледи на крајот на оваа Потстратегија во прилог. Овие содржини може да се поимаат и како **културно – туристички потенцијали** заради поедноставување. Идентификуваните атракции и потенцијали се основа за нивно идно надградување и ажурирање како процесни категории

#### *4.2.3.1 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – СКПР*

Скопскиот плански регион (СКПР) располага со извонредни услови за развој на културниот туризам на негова територија. Тоа произлегува од фактот што на релативно мала територија Се наоѓа голема концентрација на културно – историски вредности и атракции кои се основата за развој на овој вид на туризам. Скопскиот плански регион претставува најмал регион по неговата површина во Република С. Македонија со вкупно

1.812 $км^2$. Тоа претставува само 7 % од вкупната површина на републиката. Општините кои припаѓаат на овој регион се: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари кои се општини во град Скопје, како и општините Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер-Сандево. Регионот претставува во најголем дел урбанизирана територија што овозможува совршени услови за развој на вакви подвидови на културниот туризам.

Вредностите кои спаѓаат во урбанизам и архитектура во регионот изразуваат високи потенцијали за развој на квалитетни и атрактивни културно – туристички производи. Така, може да се спомне интеграцијата на традиционалната архитектура во постојниот природен пејзаж. Тоа отвора големи можности за развој на природно и културно базирани содржини и нивна комбинација. Но, за развој на културниот туризам на разгледаната територија има традиционалната архитектура во урбаната средина н а градот Скопје, односно старото урбано градско јадро. Тоа во рамките на регионот претставува Старата Скопска Чаршија. Овој дел на главниот град е препознатлив не само во државата туку и надвор од неа. На Балканскиот Полуостров претставува еден од најголемите стари урбани делови со традиционална архитектура од Отомански период. Поради тоа ова старо градско јадро изобилува со нагласени куриозитетни атрактивно – мотивски својства и може да претставува сам по себе препознатлив туристички имиџ. Важно е да се спомне дека ова урбано јадро не претставува збир само на куќи за живеење, туку присутни се голем број на верски градби и деловни објекти што му дава комплексни својства на овој простор. Кај голем дел од деловните објекти сеуште се негуваат бројни стари занаети и традиционални стопански дејности. Тоа значи дека може да се изврши комбинација на различните културни вредности во креирањето на атрактивни културно – туристички производи.

Културните атракции во рамките на СКПР претставуваат препознатливи и етаблирани туристички вредности кои веќе бележат релативно голем број на посетители и туристи. Посебно се важни објектите на сакралната архитектура. Не само што постои релативно голем број на овие вредности на мала територија, туку тие и по својата содржина се разновидни. Така, постои еден хармонизиран спој на христијански и муслимански верски објекти. Тоа овозможува диверзификација на културно - туристичките доживувања кај туристите, како и атрактивно нивно комбинирање. Оние верски објекти кои се надвор од строго урбанизираната средина се посебно важни од аспект на можностите за сместување на туристи. Објектите на сакралната архитектура во рамките на Скопскиот плански регион, а кои треба посебно да се нагласат се следните: Св. Пантелејмон во С. Нерези (Скопско), Манастир Св. Никита, С. Бањани (Скопска Црна Гора), Марков Манастир (С. Сушица), Манастир Св. Андреја (Матка), Црква Св. Спас (Скопје), Соборен Храм Св. Климент Охридски (Скопје), Султан Мурат Хунџур Џамија (Скопје), Исхак

Бегова Шарена Џамија (Скопје). Освен тоа што ваквите објекти се важни за креирање на атрактивни едукативни активности, тие претставуваат и примарната база за развој на верскиот туризам. Поголемиот дел од наведените објекти се веќе етаблирани и препознатливи и често претставуваат примарна компонента на одредени културно – туристички понуди.

Исто така и голем дел од профаните објекти во СКПР претставуваат етаблирани содржини кои регистрираат и висок степен на туристичка посетеност. Местата каде тие се лоцирани често се користат и за други намени, директно или индиректно поврзани со културниот туризам. Со тоа постои широк дијапазон на можности за креирање на комплексни содржини поврзани со културниот туризам на релативно мала територија. Од ваквите културни вредности треба да се одделат следните: Аквадукт, Камен Мост, Даут Пашин Амам, Куршумли Ан, Сули Ан, Капан Ан, Саат Кула, Феудална Кула, Безистен, Чифте Амам.

Археолошките локалитети претставуваат такви културни вредности кои може да се употребат за креирање на таргетирани културно – туристички понуди и производи. Меѓутоа, тие може да претставуваат и комплементарна категорија во други видови на културно – туристички понуди. Од сите идентификувани вакви вредности (дадени во прилог на Потстратегијата) може да с издвојат следните во СКПР: Тумба (Маџари), Скопско Кале, Злокуќанско Кале, Скупи.

Скопскиот плански регион располага и со најдобро уредените и опремените музеи во државата. И кај ваквите објекти може да се креираат дополнителни содржини, услуги и активности со цел збогатување на содржината на престој на туристите. Најголемиот дел од нив се добро опремени, но постојат можности за нивно унапредување. Повеќето имаат артефакти и археолошки предмети кои се откриени на територијата на цела држава со што се атрактивни за широк спектар на посетители. Од тоа произлегува нивната куриозитетност, а имаат и евидентно нагласена едукативна вредност. Поради тоа, ваквите институции располагаат со висок степен на атрактивно – мотивска привлечност. Сите регистрирани музеи претставуваат многу важни потенцијали на културниот туризам. Во СКПР тоа се следните музеи: Археолошки музеј на Македонија, Етнолошки музеј на Македонија, Историски музеј на Македонија, Музеј на холокаустот, Минералошко-петрографски музеј, Музеј на град Скопје, Музеј на кинотеката на РС Македонија, Музеј на НОБ, Музеј на револуционерната борба на Македонија, Музеј на рибарството, Музеј на современата уметност, Природно-научен музеј, Музеј на техника и технички знаменитости.

Настаните и манифестациите се исто така важни содржински елементи на голем дел културно – туристички понуди. По нивното значење доминираат културните манифестации пред религиските. И покрај тоа што постои релативно голем број на

настани и манифестации во рамките на регионот, може да се издвојат оние кои располагаат со светско реноме и препознатливост: Во таа смисла треба да се наведат: Скопје џез Фестивал, Мајски оперски вечери (г. Скопје), Скопско Лето (г. Скопје), Скопје пиволенд. Идентификуваните религиски и гастрономски настани се дадени во прилог како табеларни прикази. Истото тоа се однесува и на етнографските и фолклорните вредности, гастрономските специјалитети и препознатливите регионални производи. Овие вредности имаат изразито комплементарно значење за развој на културниот туризам, но немаат високо изразен потенцијал за самостојно привлекување.

*4.2.3.2 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – СИПР*

Североисточниот плански регион (СИПР) располага со релативно поволни услови за развој на културниот туризам на негова територија. Планскиот регион располага со релативно мала површина од 2.310 км$^2$ што претставува некаде 9,3% од вкупната површина на републиката. Меѓутоа, на ваквата територија се распространети значајни културни вредности кои може да се користат во различните културно – туристички понуди. Регионот го сочинуваат општините: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане. Во рамките на овој регион општините Липково, Ранковце и Старо Нагоричане се сметаат за рурални општини чија вкупна површина изнесува претставува 40,9% од територијата на регионот.

Урбанизмот и архитектурата ги сочинува градбите во рамките на регионот кои имаат специфичен и автентичен облик. Со тоа се презентира начинот на живот на локалното население во минатото, но и денес. Кратово е град каде постои совршена интеграција на традиционалните градби во природното окружување. Тоа значи дека постојат извонредни услови за развој на комбинирани содржини со културен и природен карактер. Освен во урбаните средини, во регионот постојат и комплекси на градби со препознатлива традиционална архитектура во руралните средини. Во таа смисла може да се издвои населбата Старо Нагоричане. Освен куќи за живеење, градени се и стопански објекти во дворовите (амбари од плетер, штали и други објекти за чување на летнина и животни). Со тоа посликовито може да им се долови автентичниот начин на живот во ваквите средини на самите посетители и туристи што претставува значајна содржина во рамките на културниот туризам.

Објектите со верска намена претставуваат основната компонента за развој на верскиот туризам. Меѓутоа, дадени градби претставуваат значајни претставници на

одреден уметнички или архитектонски стил и се атрактивни за други видови посетители и туристи вклучени во културно – туристички движења и активности. Така, во СИПР треба да се наведат следните поважни објекти на сакралната архитектура кои се значајни културно-туристички потенцијали: Црква Св. Богородица, Манастир Матејче (општина Липково), Св. Никола (општина Куманово), Џамија Татар Саид бег (општина Куманово), Црква Св. Ѓорѓи (општина Старо Нагоричане), Манастир Св. Јоаким Осоговски (општина Крива Паланка), Свети Никола и Свети Ѓорѓи Кратовски.

Освен градбите од сакралната архитектура за туристичкиот развој (културниот туризам) важни се и објектите на профаната архитектура. Вавквите места, локалитети и објекти може да се надополнат со одредени содржини кои ќе се во функција на давање на примарни и секундарни услуги на туристите, а со тоа и збогатување на содржината на престој, како и зголемување на степенот на задоволство кај нив. Во таа смисла треба да се споменат културно – историските споменици. Во регионот ги има во поголем број, но како најважни може да се издвојат Меморијален центар – АСНОМ (општина Старо Нагоричане – с.Пелинце) и Средновековните кули и мостови во Кратово.

И овој плански регион, како и впрочем сите во РС Македонија, изобилува со археолошки наоѓалишта, односно локалитети. Најсоодветните за развој на културно – туристички активности и содржини во рамките на СИПР се следните: Ранохристијанска базилика - Ротонда Коњух (општина Кратово – с. Коњух), локалитет „Жеглиговски Камен” –„Костоперска Карпа” (општина Старо Нагоричане), Археолошки локалитет и Мегалитска опсерваторија „Татиќев Камен” (општина Старо Нагоричане – с.Кокино), Археолошки локалитет „Цоцев Камен”(општина Кратово). Останатите се дадени во прилог.

Во анекс на документот се дадени и музеите, настаните и манифестациите (религиски и културни), етнографското наследство, фолклорните вредности, кулинарските специјалитети, како и локалните и регионалните препознатливи производи на Североисточниот плански регион.

#### *4.2.3.3 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ИСПР*

Источниот плански регион (ИСПР) располага со поволни услови за креирање и понудување на културно – туристички производи. Овој плански регион спаѓа во оние кои имаат релативно помала површина во РС Македонија. Така, тој има вкупна површина од 3.537 km$^2$ или 13,7% од територијата на републиката. Во него спаѓаат 11 општини со

вкупно 217 населени места. Дури 209 од нив се категоризирани како рурални населби. Со тоа овој плански регион претставува доминантно рурална. Општините во рамките на ИПР се: Штип, Пробиштип, Карбинци, Чешиново-Облешево, Зрновци, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово. И во вакво доминантно рурално окружување овој регион располага со бројни вредности кои можат да бидат дел на културно – туристичката понуда.

Од аспект на културните вредности од видот на урбанизам и архитектура во Источниот плански регион може да се издвојат следните населби од збиен тип, а кои се важни од културно – туристички аспект: с. Лесново (Општина  Пробиштип), с. Зрновци (Општина  Зрновци), с. Разловци (Општина  Делчево), с. Град (Општина  Делчево), с. Русиново (Општина  Берово), с. Чифлик (Општина  Чешиново-Облешево). Во таа смисла важни се и селата од разбиен тип во планскиот регион: с.Полаки (Општина  Кочани), с. Драмче (Општина  Делчево). Ваквите вредности се важни не само за развој на руралниот туризам, туку и за културниот. Имено, преку нив се презентира традиционалната архитектура во рурални средини. Доколку соодветно се уредат наведените населби (ентериерно и екстериерно) тие може да презентираат и бројни етнографски вредности.

Во рамките на ИСПР може да се издвојат над 100 културни вредности и атракции кои се значаен потенцијал за развој на различни видови културно – туристички активности на овој простор. Во таа смисла значајни вредности од ваков тип претставуваат објектите на сакралната архитектура. Како најсоодветни за развој на религиско – туристички содржини во рамките на културниот туризам треба да се издвојат: Црква „Св. Богородица„ (Ново Село) – Штип, Црква „Св. Никола“ – Штип, Манастир „Св. Архангел Михаил“ – Берово, Лесновски манастир - с. Лесново. Освен што ваквите вредности имаат религиозно значење, тие имаат и знаменито и куриозитетно културно – историско значење. Како такви имаат потенцијал да претставуваат основната компонента во одредени културно – туристички содржини на кои ќе се надоврзуваат останати комплементарни елементи.

Други важни видови на културни објекти претставуваат оние од профаната архитектура, односно кои немаат верска намена. Во рамките на ИПР можат да се издвојат неколку вакви објекти: Мостот на султанот Емир Ќучук - Штип, Саат-кула – Штип, Бегова кула и Безистен – Штип. Овие вредности имаат повеќе комплементарно значење, односно повеќе можат да се комбинираат со други активности и содржини отколку самостојно како такви да се користат за настап на културно – туристичкиот пазар.

Археолошките локалитети изобилуваат со широк опсег на можности за нивно користење во рамките на културниот туризам. Дел од нив во рамките на планскиот регион  располагаат со изразена атрактивно – мотивациска привлечност. Во таа смисла во рамките на ИСПР треба да се спомнат следните археолошки локалитети: Археолошки

локалитет Исар – Штип, Археолошки локалитет Баргала – Карбинци, Археолошки локалитет Црквиште - с.Мородвис, Археолошки локалитет Виничко Кале – Виница. Често ваквите локалитети се основната самостојна компонента на културниот туризам.

Во ИСПР регистрирани се и неколку значајни музеи: така, треба да се издвојат: Етно–куќа - с.Мородвис (богата етно збирка), Музеј на Виница (атрактивна колекција на теракотни икони), Музеј на град Берово (објект реконструиран во духот на оригиналната архитектура кој исто така има и историска вредност за градот, историска и етнолошка музејска поставка), Градски музеј - Штип (збирки археологија, етнологија, историја, историја на уметност и современата македонска уметност). Ваквите објекти имаат привлечна вредност за туристите.

Во рамките на регионот постојат и поголем број на религиозни и културни настани и манифестации. Меѓутоа, само неколку имаат значење што ги надминува регионалните граници. Тоа претставува религиозната манифестација Обичај „Четрсе“, Штип што претставува нематеријално културно наследство признато од страна на УНЕСКО. Од културните манифестации треба да се издвојат: Пијанечко-Малешевската Свадба – Делчево, Макфест – Штип, Штипско културно лето – Штип и Пастрмајлијада – Штип.

Етнографското наследство претставува значаен комплементарен елемент на голем број содржини на културниот туризам. Традиционалните стопански активности и занаети/вештини може да претставуваат атрактивна компонента на презентациските содржини во кои може да учествуваат и самите туристи. Постојат голем број на вакви вредности од кои поголема атрактивна привлечност има изработката на гајди и мали барабанчиња во Ѕвегор, како и изработката на фолклорни носии.

Слични културни елементи претставуваат и фолклорните вредности. Во ИПР треба да се издвојат: народното оро Копачка – Малешевијата и традиционалните обичаи при Пијанечко-Малешевската свадба, „Четрсе“– Штип.

#### *4.2.3.4 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ЈИПР*

Југоисточниот плански регион (ЈИПР) располага со релативно поволни услови за креирање на атрактивни културно – туристички содржини и производи. ЈИПР располага со релативно голема површина (3.034 км$^2$,односно 10,9% од вкупната површина на РСМ). Во регионот постојат вкупно 10 општини во кои постојат поголем број на културни вредности и содржини важни за креирање атрактивни производи. Општините во рамките на

регионот се: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица.

Во насока на развојот на културниот туризам, треба да се издвојат оние архитектонски објекти кои имаат традиционален изглед, а се лоцирани во урбаните средини. Во оваа смисла треба да се издвојат: Смоларе (Ново Село), Колешино (Ново Село), Вељуса (Струмица). Ваквите објекти не се само интересни за посета и набљудување од надвор, односно нивниот екстериер, туку и внатре, ако соодветно се уредат со етнографски вредности или различни поставки.

За креирање на верски туристички понуди важни се објектите на сакралната архитектура со кои регионот изобилува. Дел од нив се културно – историски значајни и надвор од националните граници. Тоа зборува за нивниот голем потенцијал за привлекување на туристи. Во оваа смисла треба да се спомнат следните сакрални објекти: Манастир Свети Петнаесет тивериополски свештеномаченици, Манастир Пресвета Богородица Милостива (Вељуса) и Манастир Свети Леонтиј (Водоча) од христијанските објекти, како и Орта Џамија од муслиманските. Тие се лоцирани во Општина та Струмица. Во Општина та Радовиш треба да се издвои манастирот Св. Стефан во Конче. Овие објекти располагаат со конаци кои може да се користат како сместувачки капацитети во рамките на верско – туристичките понуди.

Во ЈИПР има и објекти со интересна градба. Тоа се градби на профаната архитектура. Посебно важни се: Општина Струмица - Собрание на Општина Струмица, Хотел „Српски Краљ“, Куќа на д-р Александар Белев, Куќата на Хаџитосеви, Куќа на Арсови, Стариот Суд, цареви Кули, римска терма; Општина Валандово - исарот, идомена. Дел од нив располагаат со атрактивен потенцијал но најчесто се користат како комплементарна категорија во креираните културно – туристички производи.

Југоисточниот плански регион има и значајни археолошки споменици. Регистрирани се поголем број на такви места во регионот. Меѓутоа, како локалитети со најголем потенцијал за развој и атрактивни особини претставуваат Вардарски Рид (Гевгелија) и „Исар“ (с.Марвинци).

Од културните институции во регионот треба да се спомне Националната установа Завод и Музеј - град Струмица. Постојат и други институции од ваков тип во регионот, но најголема потенцијал за привлекување е наведената.

Религиозните манифестации во регионот може да имаат поголемо значење како комплементарни вредности во рамките на културно – туристичките понуди. Наведени се позначајните во прилог на овој документ. За развој на одредени културно – туристички

содржини поважни се културните манифестации од кои треба да се спомнат: Струмички Карневал, Фолк Фест Валандово и Фестивал на камерен театар Ристо Шишков.

Гастрономските манифестации кои се одржуваат во регионот може да претставуваат значаен дополнителен елемент при креирањето на уникатно доживувања кај туристите. Во таа насока важни се и фолклорните и етнографските потенцијали на регионот кои се исто така дадени во анекс на Потстратегијата.

### *4.2.3.5 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ВАПР*

Вардарскиот плански регион (ВАПР) располага со добри предуслови за развој и креирање на содржини на културниот туризам. Овој плански регион претставува еден од поголемите во РС Македонија, со вкупно 4042 км$^2$ или 16% од вкупната територија на државата. Во рамките на овој регион влегуваат следните општини: Свети Николе, Кавадарци, Велес, Градско, Неготино, Росоман, Чашка, Демир Капија и Лозово. Некаде половина од општините се урбани, а другите се рурални. Меѓутоа културно - историски вредности постојат во сите средини, па поради тоа може да се оцени како регион со релативно поволни услови за ваква намена.

Вардарскиот плански регион располага со бројни и квалитетни вредности во рамките на урбанизмот и архитектурата. Така, постои комплекс на градби кој е интегриран во природниот пејзаж. Тоа претставува старата градска архитектура на градот Велес. Поради инкорпорираноста во природното окружување овој простор е значаен што туристите ќе може да користат комбинирани содржини и производи поврзани со културното наследство и природата.

Комплекси на традиционална архитектура постојат како во урбаните, така и во руралните средини во рамките на ВАПР. Поважни комплекси на ваков облик на архитектура во руралните места кои треба да се спомнат се комплексите во населбите: Село Богомила(Општина Чашка), Село Ораовец (Општина Велес), Село С’лп (Општина Велес, Село Горно Врановци, Село Папрадиште, Село Војница. Останатите се дадени во прилог.

За развој на културниот туризам од поголема важност се комплексите на градби кои се лоцирани во урбаните средини, а располагаат со традиционален изглед и дизајн. Тоа произлегува од фактот што тие можат да се користат и за други намени, како и да се комбинираат со бројни културно – туристички содржини. Вакви староградски комплекси

на објекти во рамките на Вардарскиот плански регион се лоцирани во градот Велес: Спомен куќи на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Кочо Рацин, Васил Главинов, Касапови (општина Велес), Улица Алабакот (општина Велес).

Освен традиционалната урбана и рурална архитектура, важни културни атракции за креирање на атрактивни културно – туристички содржини претставуваат и објектите на сакралната архитектура. Освен за верски намени и основни елементи на верско – туристичките понуди, дел од ваквите објекти изобилуваат со значајни културно – историски и архитектонско – уметнички вредности. По тоа се и препознатливи и атрактивни. Во таа смисла треба да се наведат: Св. Пантелејмон во Велес и Св. Ѓорѓи - Полошки манастир во Кавадарци.

Објектите на профаната архитектура се слични на оние од сакралната архитектура со основна разлика што не се употребуваат за верски намени. Дел од ваквите објекти може да се користат и за друга намена и како такви да претставуваат комплекс на културно – туристички активности и содржини. Во ВАПР треба да се спомнат следните објекти кои повторно се лоцирани во градот Велес, а претставуваат спомен - куќи: Куќа на Касапови, Куќа на Јордан Хаџи Константинов Џинот, Куќа на Кочо Рацин, Куќа на Васил Главинов. Останатите се спомнати во прилог. Исто така во прилог се наведени и спомениците и јавните објекти на планскиот регион како градби на профаната архитектура.

Вардарскиот плански регион располага и со значајни археолошки локалитети. Во функција на Потстратегијата за културно наследство се наведени најважните како Кожле - Маркови кули (с. Летевци) во Велес, Археолошките локалитети Стоби во Градско, Била Зора во Свети Николе, како и Марков град, Кале – Стрезов град, Рамниште, Стојкова нива, Просек во Демир Капија.

Освен наведените археолошки локалитети важни од културно – туристички аспект се и музеите. Како еден од најважните кој треба да се спомне во рамките на ВАПР претставува Музејот на виното во Демир Капија, додека останатите се подетално наведени во прилог. Може да се каже дека наведените археолошки локалитети и музеј може да претставуваат и препознатливи туристички брендови, односно со нив може да се унапреди туристичкиот имиџ на целокупната дестинација.

И покрај тоа што постојат бројни религиски манифестации во планскиот регион, за развој на културниот туризам поголема улога играат културните. Поради тоа религиските се наведени на крајот на стратешкиот документ како анекс. Од културните настани поважни кои треба да се наведат се: Недела на виното Св. Трифун (Неготино), Тиквешки гроздобер (Кавадарци), Св. Трифун (Кавадарци и Демир Капија).

Гастрономските настани, етнографските и фолклорните вредности располагаат со значаен комплементарен потенцијал во функција на развојот на културниот туризам. Истото тоа се однесува и на традиционалните гастрономски специјалитети и препознатливите производи на регионот. Поради тоа тие се подетално наведени во анекс на Потстратегијата.

*4.2.3.6 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ПЕПР*

Пелагонискиот плански регион (ПЕПР) располага со прилично поволни услови за креирање на атрактивни производи и аранжмани на културниот туризам. Планскиот регион има релативно голема површина (18,9 % од целокупната површина на РСМ) на која се распространети значајни културно – историски вредности кои може да бидат посетени од страна на туристите. Дел од нив се веќе добро познати и се дел на постојните туристички понуди, додека други не се доволно активирани во туристичка смисла. Регионот и покрај тоа што во најголем дел претставува рурална средина, може да претставува значајна дестинација за одвивање на културно – туристички активности и содржини. Општините во рамките на регионот се: Општина Битола, Општина Демир Хисар, Општина Кривогаштани, Општина Крушево, Општина Могила, Општина Прилеп, Општина Ресен, Општина Новаци и Општина Долнени. Позначајни градови во кои има присуство на значајно културно – историско наследство се градовите Битола, Прилеп и Крушево.

Во рамките на урбанизмот и архитектурата како значајни вредности кои треба да се издвојат претставува традиционалната градска и селска архитектура и нивната интеграција во постојниот природен пејзаж. Во таа смисла планскиот регион располага со бројни атрактивни вредности, односно архитектонски градби, а најважна од нив претставува урбаната традиционална архитектура во градот Крушево. Ваквите градби се изградени со автохтони материјали (земја, камен и дрво), а воедно претставува и најдобро презентирана градска архитектура во републиката. Од ваквите објекти во руралните средини во рамките на регионот треба да се спомнат селата: Маловиште, Љубојно, Брајчино, Старавина, Слепче, Бабино.

Значајни културни вредности и потенцијали во Пелагонискиот плански регион претставуваат и објектите од сакралната архитектура (цркви, манастири, џамии и слично). Постојат голем број на вакви вредности во рамките на регионот, како во урбаниот, така и во руралниот дел. Тие првенствено се важни за едукативни активности и религиозен

туризам. Најголема атрактивна вредност за вклучување во рамките на културно-туристичката понуда имаат следните: Св. Ѓорѓи (с. Курбиново, Преспа), Св. Никола (Варош, Прилепско), Св. Архангел Михаил (Варош, Прилепско), Манастир „Св. Преображение“ (Зрзе, Прилепско), Чарши Џамија (Прилеп), Св. Јован Крстител (с. Слепче, Демирхисарско), Св. Атанасиј (с. Журче, Демир-Хисар), Успение на Пресвета Богородица (Трескавец, Прилеп), Рождество на Пресвета Богородица (с. Сливница, Преспа), Рождество на Пресвета Богородица (с. Сливница, Преспа), Ајдар-Кади Џамија (Битола), Јени Џамија (Битола), Исхак Челеби Џамија (Битола), Црква Св. Јован Крстител (Крушево), Црква Св. Никола (Крушево). Останатите вакви потенцијали се дадени во табеларен преглед во прилог.

Во останатиот дел на градби кои претставуваат културни атракции, спаѓаат и објектите на профаната архитектура. Некои од ваквите индивидуални објекти располагаат со изразито културно – историско или уметничко значење. Исто така тие може да се пренаменат на повеќе начини и да се стават во таков облик во функција на развојот на културниот туризам. Во таа смисла во ПЕПР треба да се наведат следните: : Магаза во Битола (се користи и за изложби), Офицерскиот дом (Битола), Градски Саат - Саат Кула (Битола), Безистен (Битола), Сарајот на Ахмед Нијази Бег (Ресен).

Културно – историското наследство го сочинуваат и споменициte на културата. Ваквите локации имаат знаменити и едукативни туристички својства и најчесто потсетуваат за значајни настани и личности од минатото. Ваквите места се важни за излети, пикници, едукативни активности, места за одржување на настани и манифестации. И покрај ваквите карактеристики, не може да се каже дека тие често ја имаат доминантната улога во културно – туристичките содржини. Меѓутоа, треба да се спомне месноста и споменикот Мечкин камен во Крушево кој привлекува поголем број туристи.

Овој плански регион е препознатлив и по големиот број на археолошки локалитети. Детално се опфатени во анекс на овој стратешки документ, додека важни за спомнување се оние кои имаат најизразена атрактивна привлечност за домашните и странските туристи: Антички археолошки локалитет и ранохристијански период Хераклеја Линкестис (Битола) и Маркови Кули (Прилеп).

Во релативно голем број се застапени и музеите како специфични културни институции во регионот. Најважните се дадени во продолжение: Народен музеј во Битола со поставка посветена на Кемал Ататурк, Народен музеј (Прилеп), Споменик Македониум - Илинден (Крушево), Музеј на Илинденското Востание и Крушевската Република (Крушево), Галерија на Никола Мартиновски (Крушево), Спомен куќа на Тоше Проевски (Крушево), Музеј на НОВ (Крушево), Музеј-работилница на старо оружје „Леарница“ (Крушево), Музејска поставка „Влашка одаја“ (Крушево).

Настаните и манифестациите се исто така застапени во релативно голем број во регионот. Културните настани преовладуваат пред религиските, како според нивната бројност, така и според нивното значење за развој на туризмот. Поради тоа може да се издвојат следните поважни културни манифестации во ПЕПР: Мал Битолски Монмартр (општина Битола), Битолско културно лето„БИТ ФЕСТ“ (општина Битола), Театарски фестивал "Војдан Чернодрински" (општина Прилеп), Пивофест, Крушево Етно Град (општина Крушево), ИФФК„Браќа Манаки“ (општина Битола). Останатите регистрирани религиски и културни настани се наведени во анекс. Културните настани се важни бидејќи може да вклучат во себе презентација на бројни фолклорни и етнографски елементи.

Поединечните етнографски и фолклорни елементи на културното наследство присутни во планскиот регион се детално опфатени во анекс. Тоа се однесува и на бројните гастрономски специјалитети и регионални производи.

*4.2.3.7 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ЈЗПР*

Југозападниот плански регион (ЈЗПР) се карактеризира со извонредни услови за развој на културниот туризам. Имено, во просторот застапени се важни и уникатни антропогени туристички вредности од кои дел се веќе етаблирани и посетени вредности, додека останатите претставуваат неискористен потенцијал. На територијата на овој плански регион се наоѓаат општините Охрид, Струга и Дебрца чии делови се наоѓаат во рамките на Светското културно наследство на УНЕСКО. Со тоа регионот веќе има меѓународна важност од аспект на можностите за развој на културниот туризам. Овој бренд треба да се негува и во иднина, односно треба да се преземат активности за отстранување на негативностите кои би го загрозиле овој статус, како и да се прошири даденото подрачје.

Од аспект на урбанизмот и архитектурата посебно важна е традиционалната архитектура во урбани, но и рурални средини. Традиционалните градби во урбана средина која е добро зачувана и се карактеризира со светска препознатливост претставува архитектонската целина во стариот дел на градот Охрид. Тоа претставува специфична староградска архитектура што може да ја посетат сите видови на посетители како дел од нивните екскурзивни активности. Посебно е атрактивна што дел од ваквите објекти се наменети за сместување на туристите. Некои од нив имаат и типично ентериерно уредување со што се презентира и етнографското наследство на локалното население. Во насока на развојот на културниот туризам треба да се спомнат и групациите

на куќите во руралните средини. Планскиот регион изобилува со значајни содржини од овој вид. Така, во рамките на разгледаниот простор треба да се спомнат комплексите на традиционално изградени куќи во Гари и Осој, како и традиционалните куќи во Вевчани од кои дел се заштитени. Постојат и поголем број на останати рурални средини со вакви карактеристики кои детално се наведени во прилог.

Во рамките на културните атракции од архитектонски вид, треба да се споменат и објектите на сакралната архитектура. Во регионот постои релативно висок процент на население од муслиманската вероисповед, наспроти православното христијанство, што му дава посебна атрактивност на просторот и претставува значаен потенцијал за развој, посебно при креирање на комплексни туристички понуди. Може да се издвојат неколку значајни објекти од ваков тип, а некои од нив имаат и основна привлечна моќ и посебна атрактивност поради тоа што се препознатливи во глобални рамки. Најважните издвоени сакрални објекти во ЈЗПР се:

- Климентов манастир Св. Пантелејмон, Св. Софија, Св. Богородица Перивлепта, Св. Јован Богослов – Канео, Св. Богородица Болничка, Св. Никола Болнички, Св. Никола Геракомија, Св. Богородица Каменско, Св. Петка (Велгошти), манастир Св. Наум (Љубаништа), Св. Богородица Захумска (Трпејца), Св. Стефан, Св. Богородица Пештанска, Св. Еразмо, Мал Св. Климент, Св. Димитрија, Мали Св. Врачи, Св. Константин и Елена, турбе на некогашна Имарет џамија на Синан Челеби, Крст џамија Хаџи Тургут во Општина **Охрид**

- Си (Сите) Свети (Лешани), Св. Ѓорѓи (Годивје) во Општина **Дебрца**

- Манастир Калишта и Св. Атанасиј (Калишта), Архангел Михаил (Радожда), Св. Спас (Вишни), Халвети теке во Општина **Струга**

- Манастир Св. Ѓорѓи Победоносец (Рајчица) во Општина **Дебар**

- Манастир Св. Ѓорѓи (Кнежино), Кичевски манастир - Пресвета Богородица – Пречиста во Општина **Кичево**

Како што може да се утврди во Општина Охрид постои исклучителна групација и концентрација на споменици со највисоки квалитети и уметнички достигнувања на културното творештво. Поголем дел од нив се запишани во листата на Светското културно наследство на УНЕСКО. Тоа на овој простор му дава препознатлив имиџ и бренд на културниот туризам кој треба да се негува и во наредниот период. Ваквите објекти не се само важни за развојот на верскиот туризам, со оглед на фактот што градот Охрид се нарекува и „Балкански Ерусалим“, туку ваквите објекти може да претставуваат и примарна категорија во рамките на културно – туристичките содржини наменети за посебни видови на културни туристи (на пример византолози, експерти во исламска уметност, изучувачи на словенската писменост и култура и слично). Ваквите објекти може

да имаат и комплементарна улога во рамките на други видови туризам, како дел од нивните екскурзивни и едукативни активности или излети. Во останатите општини постојат исто така значајни културни вредности од типот на сакралната архитектура. Тие се дадени во прилог на овој стратешки документ. Посебно се важни манастирите. Манастирските конаци, доколку се соодветно уредени, можат да се користат како објекти за сместување на одреден вид на туристи.

Во втората група на архитектонски градби, наспроти објектите на сакралната архитектура, спаѓаат профаните објекти. Тоа се објектите кои немаат религиозна намена. Тоа се јавите градби со културно – историско значење. Во ЈЗПР важни да се споменат од аспект на можностите за развој на културниот туризам се: Вовче „Ќиро“ – Кичево и Прво училиште на албански јазик (Другово) во Општина  Кичево, како и Турска бања – Бања Бањиште и Мост Елен Скок во Општина  Дебар.

Важна категорија на вредности во рамките на културните атракции претставуваат и археолошките локалитети. Ваквите локалитети ги има во голем број, не само во рамките на ЈЗПР, туку и на ниво на републиката. Релативно голем дел од ваквите локалитети во ЈЗПР се значајни и препознатливи, но треба да се издвојат оние кои располагаат со најповолни атрактивно – мотивациски карактеристики: Самуилова тврдина, Плаошник, Антички театар, Тврдина над Градиште –  и подводен археолошки локалитет „Миќов Град“ – Залив на коските во Општина  Охрид, додека во Македонски Брод значајни се Девини кули – Девич.

Југозападниот плански регион изобилува исто и со релативно голем број на музеи. Ваквите културни институции и објекти се посебно важни бидејќи се специјализирани за туристичка намена, посебно за посетители и туристи вклучени во културно – туристички активности. Позначајни музеи кои треба да се спомнат во регионот се: Куќата на Робевци, Галеријата на икони, Куќата „Христо Узунов, Музејот на вода - Залив на коските во Општина  Охрид; Музеј „Д-р Никола Незлобински“ и галеријата „Вангел Коџоман“ во Општина  Струга; Музеј на Западна Македонија во Општина  Кичево; Спомен-куќа на таткото на Мустафа Кемал Ататурк (Коџаџик) во Општина  Центар Жупа.

Освен материјалното културно наследство, важни антропогени вредности претставуваат и настаните и манифестациите кои опфаќаат и нематеријални културни потенцијали. Во рамките на регионот се одржуваат бројни културни и религиски манифестации. Од позначајните религиски настани треба да се спомнат: Богојавление – Водици, Успение на Богородица (Скребатно), празнување на св. Климент и Св. Наум, прослава на Бајрам во Општина  Охрид; Вевчански василичарски карневал при празнувањето на Василица во Општина  Вевчани.

Дел од културните манифестации и настани во Југозападниот плански регион имаат глобално реноме, кои привлекуваат и голем број на странски туристи, додека други имаат локално и регионално значење, но располагаат со голем потенцијал да прераснат во настани со светско значење. Позначајни вакви настани се: „Охридско Лето“, „Балкански фестивал на народни песни и игри“, „Охрид Фест“, „Прличеви беседи“, Охридски пливачки маратон, Охридски староградски средби во Општина Охрид, како и Струшките вечери на поезијата во Струга. Регионот располага со огромен број вакви настани кои подетално се опфатени во табеларниот преглед во анекс.

Етнографското наследство располага со значајни вредности кои може на различен начин да се вклучат во културниот туризам. ЈЗПР е препознатлив по постоењето на одредени вакви содржини. Важни да се наведат се: изработка на охридски бисери, традиционална изработка на хартија, резбари, иконописци, мозаичари, витражи, казанџии, филиграни, изработка на традиционални носии во Општина Охрид; изработка на народни носии во Велешта во Општина Струга; изработувачи на народни носии (шопска носија во Требиште, мијачки носии во Ехлоец.

Гастрономските специјалитети на регионот се исто така важни за претставување на етнографското културно наследство. Тие се наведени во прилог.

### *4.2.3.8 Анализа на потенцијалите и атракциите за развој на културниот туризам – ПОПР*

Полошкиот плански регион (ПОПР) располага со поволни услови за креирање и на културно – туристички производи. Овој плански регион има многу мала површина и зафаќа само околу 9,7% од вкупната површина во РС Македонија. Меѓутоа, тој претставува еден од најгусто населените региони. Релативната голема бројност на населението кое живее на овој простор претставува значаен потенцијал за туристичкиот развој. Во него спаѓаат 9 општини: Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуше, Теарце и Тетово. И покрај тоа што во поголемиот дел од регионот е доминантно рурален постојат и бројни значајни и атрактивни културни вредности кои можат да се вклучат во туристичката понуда.

Традиционалната архитектура претставува значаен дел на комплексните содржини на културниот туризам. Во Полошкиот плански регион постојат вакви комплекси на градби, кои се лоцирани вон рурални средини. Поради тоа постои кај нив и посебно атрактивност во смисла на интеграција на културното со природното окружување,

односно пејзаж. Тоа овозможува услови за користење и на такви туристички содржини кои не се од примарно културен карактер. Во оваа смисла треба да се спомнат населбите на ПОПР: с. Битуше, Малореканските села Росоки и Тресонче, с. Селце, с. Галичник, с. Лазарополе, Гари и Јанче, како и с. Брезно

Полошкиот плански регион располага со голем број на верски објекти, односно градби кои припаѓаат на сакралната архитектура. Доколку се издвојат најзначајните вакви вредности за потенцијалниот развој на културниот туризам во регионот треба да се наведат: Саат џамија – Општина  Гостивар; Св. Јован Бигорски – Општина  Маврово и Ростуше; Лешочки манастир и  Црква Св. Атанасиј – Општина  Теарце; Шарена Џамија и Арабат Баба Теќе – Општина  Тетово. Дел од овие објекти имаат и светско реноме, па поради тоа имаат често и доминантна улога во одредени содржини на културниот туризам. Останатите се спомнати во анекс.

Стариот амам во Тетово претставува значаен профан објект кој може да се користи и за други намени, доколку се прилагоди.

Од неколкуте регистрирани археолошки локалитети во регионот, треба да се спомне Тетовското кале како позначајна културна вредност.

Музеите и религиските манифестации кои постојат во регионот се наведени во прилог на документот.

Културните манифестации во регионот имаат поголема привлечна моќ и од нив треба да се наведат следните: Тетовски фолк филиграни, „Техо“- хорски фестивал и Галичка свадба. Посебно Галичката свадба е атрактивна бидејќи се презентираат бројни фолклорни вредности на локалното подрачје, а самиот настан добива се поголема популарност во државата и пошироко.

Вредностите на етнографското наследство и традиционалните гастрономски специјалитети се детално опфатени како анекс на Потстратегијата.

### *4.2.4 Анализа на побарувачката за културен туризам*

Туристичката понуда и побарувачка се важни индикатори за определување на состојбите на туристичкиот пазар. Тоа овозможува научен и реалистичен поглед во потребите за креирање на нови и атрактивни туристички содржини. Таквите содржини треба да ги задоволат барањата како на туристичката понуда, така и на туристичката

побарувачка. Тоа е и во насока на креирање на компетитивни предности на туристичкиот пазар.

За потребите на извршување на анализата на побарувачката за културен туризам се користени сознанија од теренско истражување на дел од експертскиот тим. Користен е анкетен прашалник на релативно голем истражувачки примерок од 1165 испитаници во рамките на истражувањето „Study on the Provision of data in the field of tourism and preparation of a model for projection of future indicators“ – Ministry of Economy of the Republic of North Macedonia, Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid. Истражувачкиот примерок го сочинуваа домашни и странски туристи при нивната посета на различните плански региони на РС Македонија во 2017 година со што се добија релевантни заклучоци од ова истражување.

За потребите на истражувањето на правено е селектирање на испитаниците по плански региони со цел да се испитаат евентуалните разлики во ставовите поврзани со причините за посета. Планските региони се разгледани како засебни туристички дестинации

Првата табела се однесува на испитаниците кои го посетиле Вардарскиот плански регион. Резултатите од испитувањето за овој регион се дадени продолжение.

Табела бр. 5 - Кои се основните причини за посета на Вардарскиот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 50 | 48.1 | 48.1 | 48.1 |
| | Рекреација и релаксација | 27 | 26.0 | 26.0 | 74.0 |
| | Деловни причини | 14 | 13.5 | 13.5 | 87.5 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 13 | 12.5 | 12.5 | 100.0 |
| | Вкупно | 104 | 100.0 | 100.0 | |

Од резултатите дадени во табелата може да се заклучи дека повеќе од 48% од испитаниците како причина за посета на Вардарскиот регион ја навеле причината „Одмор и посета на културно наследство“. На второ место се рекреативните потреби со остварени 26 % од испитаниците. Ова значи дека и во иднина треба да се унапредат ваквите содржини кои се однесуваат на културниот туризам.

Во следната се дадени резултатите од испитувањето на причините за посета на Источниот плански регион. За овој регион има најмал број на испитаници што е и логично

доколку се анализира остварениот туристички промет во споредба со другите плански региони.

Табела бр. 6 - Кои се основните причини за посета на Источниот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 7 | 15.6 | 15.6 | 15.6 |
| | Рекреација и релаксација | 1 | 2.2 | 2.2 | 17.8 |
| | Деловни причини | 20 | 44.4 | 44.4 | 62.2 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 17 | 37.8 | 37.8 | 100.0 |
| | Вкупно | 45 | 100.0 | 100.0 | |

Од вкупниот број на испитаници, 44.4 % се определиле за одговорот „Бизнис причини“, а на второ место е учеството на конгреси, семинари и конференции. Одморот со посета на културни содржини се наоѓа на трето место со само остварени 15,6 % од вкупниот број добиени одговори. Може да се каже дека за овој плански регион само мал број од испитаниците се одлучиле да го посетат од туристички побуди. Тоа значи дека треба да се унапреди ваквата негативна состојба во наредниот период, не само во насока на развојот на културниот туризам, туку и развојот на туризмот воопшто.

Во следната табела се дадени резултатите од испитувањето на причините за посета на Југозападниот плански регион. За Југозападниот и за Скопскиот плански регион има најголем број на испитаници, со оглед на тоа што најголем дел од регистрираните туристи ги посетуваат овие два плански региони што може и да се утврди од анализата на остварениот туристички промет во нив.

Табела бр. 7 - Кои се основните причини за посета на Југозападниот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 190 | 54.3 | 54.3 | 54.3 |
| | Рекреација и релаксација | 123 | 35.1 | 35.1 | 89.4 |
| | Деловни причини | 21 | 6.0 | 6.0 | 95.4 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 16 | 4.6 | 4.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 350 | 100.0 | 100.0 | |

Од вкупниот број на испитаници, повеќе од половината (54 %) се определиле за првиот одговор, односно причината за нивната посета на регионот е „Одмор и посета на

културно наследство“. Ова е логично да се очекува поради расположливоста на оваа туристичка дестинација со бројни активно понудени културно – туристички содржини. Впрочем овој регион е препознатлив како културно – туристичка дестинација. На второ место се наоѓа одговорот „Рекреација и релаксација“ за кој се одлучиле 35 % од испитаниците. Ова зборува за фактот што културниот туризам во овој регион е на високо развиено ниво, но треба да се унапреди во смисла на подобрување на нивото на квалитетот на услугите.

Следниот регион за кој е направена оваа анализа е Југоисточниот плански регион. Резултатите од оваа анализа се дадени во табелата во продолжение.

Табела бр. 8 - Кои се основните причини за посета на Југоисточниот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 85 | 84.2 | 84.2 | 84.2 |
| | Рекреација и релаксација | 13 | 12.9 | 12.9 | 97.0 |
| | Деловни причини | 1 | 1.0 | 1.0 | 98.0 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 2 | 2.0 | 2.0 | 100.0 |
| | Вкупно | 101 | 100.0 | 100.0 | |

Од табеларниот преглед може да се заклучи дека многу висок дел од испитаниците го посетиле регионот поради културно – туристички побуди. Така, од вкупниот број на испитаници дури повеќе од 84 % се определиле за причината „Одмор и посета на културно наследство“. Нешто помалку од 13 % како причина ја навеле рекреацијата и релаксацијата. Од ова може да се заклучи дека ЈИПР треба и во иднина да го истакне и го промовира своето културно наследство, но истовремено да се труди да го зголеми учеството на туристи кои би доаѓале за причината „рекреација“.

Во следната табела се дадени резултатите од испитаниците кои престојувале во Пелагонискиот плански регион во врска нивната причина за посета.

Табела бр. 9 Кои се основните причини за посета на Пелагонискиот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 18 | 34.6 | 34.6 | 34.6 |
| | Рекреација и релаксација | 21 | 40.4 | 40.4 | 75.0 |
| | Деловни причини | 8 | 15.4 | 15.4 | 90.4 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 5 | 9.6 | 9.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 52 | 100.0 | 100.0 | |

Според дадените одговори, на прво место со учество од нешто повеќе од 40% се наоѓа причината рекреација и релаксација, додека посетата на културното наследство се наоѓа на второ место за што се изјасниле нешто повеќе од 34 % од испитаниците. Овие резултати се малку зачудувачки со оглед на фактот што Пелагонискиот плански регион изобилува со богато и уникатно културно богатство. Тоа значи дека треба да се унапредат промотивните активности за овие туристички содржини со што би се привлекле повеќе туристи чиј главен мотив би била посетата на културното наследство.

Следниот регион кој е анализиран според прашањето за причините за посета е Полошкиот. Резултатите од анализата се дадени во продолжение во табеларен преглед.

Табела бр. 10 - Кои се основните причини за посета на Полошкиот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 60 | 59.4 | 59.4 | 59.4 |
| | Рекреација и релаксација | 16 | 15.8 | 15.8 | 75.2 |
| | Деловни причини | 13 | 12.9 | 12.9 | 88.1 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 12 | 11.9 | 11.9 | 100.0 |
| | Вкупно | 101 | 100.0 | 100.0 | |

Најголемиот дел од испитаниците со учество од околу 60 % се определиле за одговорот „Одмор и посета на културно наследство“ како главна причина за доаѓање во оваа дестинација. Останатите причини се отприлика исто распределени, но нивното процентуално учество е на многу ниско ниво. Од ова може да се заклучи дека културниот туризам во овој плански регион претставува многу важен дел од остварениот туристички промет и треба да се унапреди и во иднина, не изоставувајќи ги и другите видови на туризам кои може да се развиваат.

Следува анализата на причините за посета на Североисточниот плански регион. Резултатите од оваа анализа се дадени во табеларно.

Табела бр. 11 - Кои се основните причини за посета на Североисточниот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 19 | 30.6 | 30.6 | 30.6 |
| | Рекреација и релаксација | 21 | 33.9 | 33.9 | 64.5 |
| | Деловни причини | 8 | 12.9 | 12.9 | 77.4 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 14 | 22.6 | 22.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 62 | 100.0 | 100.0 | |

Најголемиот процент од испитаниците се определиле за одговорот „Рекреација и релаксација“ со вкупно остварени одговори од 33.9 %, додека на второ место со 30.6 % се наоѓа причината „Одмор и посета на културно наследство“. Овие две причини за овој плански регион се скоро исто распределени за 2/3 од испитаниците.

Последен регион за кој е направена анализа на причините за посета е Скопскиот плански регион чии резултати се дадени подолу.

Табела бр. 12 - Кои се основните причини за посета на Скопскиот плански регион

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одмор и посета на културно наследство | 234 | 66.9 | 66.9 | 66.9 |
| | Рекреација и релаксација | 56 | 16.0 | 16.0 | 82.9 |
| | Деловни причини | 32 | 9.1 | 9.1 | 92.0 |
| | Учество на конференција, конгрес, семинар | 28 | 8.0 | 8.0 | 100.0 |
| | Вкупно | 350 | 100.0 | 100.0 | |

Според резултатите дадени во табелата, околу 70 % до испитаниците се определиле за одговорот „Одмор и посета на културно наследство“. Тоа укажува на огромното значење што културното наследство го има за овој плански регион. Ова е логична констатација со оглед на тоа што се работи за плански регион со релативно голема урбанизирана територија каде и можностите за креирање на различни селективни видови туризам се ограничени. Меѓутоа, вака остварените резултати укажуваат и на

можноста за креирање на препознатлив имиџ и бренд на овој простор како културно – туристичка дестинација.

Може да се изврши и вкрстување на добиените одговори од анкетата за согледување на структурата на туристите (домашни и странски) во дадената туристичка дестинација (плански регион) за мотивите за посета на просторот. Така, за потребите на оваа Потстратегија анализирани се Југозападниот и Скопскиот плански регион од каде и се прибрани најголемиот дел од одговорите во истражувањето (повеќе од 300 во секој од нив). Исто така, причината за посета на културното наследство бил одговор на голем дел од испитаниците. Релевантноста за анализа на овие два плански региони произлегува и од високиот степен на туристички развој кој може да се утврди од прегледот на остварениот туристички промет обработен погоре во текстот.

Во следната табела е дадена вкрстената анализа на потеклото на туристите (домашни или странски) и причините кои ги навеле за посета на Скопскиот плански регион.

Табела бр. 13 - Вкрстена анализа на причините за посета на Скопскиот плански регион

**d_s * What are the main reasons for your visit to this tourist destination Crosstabulation**

Count

| | | Која е основната причина за посета на регионот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одмор и посета на културно наследство | Рекреација и релаксација | Деловни причини | Учество на конференција, конгрес, семинар | Вкупно |
| d_s | Домашни | 17 | 7 | 19 | 17 | 60 |
| | Странски | 217 | 49 | 13 | 11 | 290 |
| Вкупно | | 234 | 56 | 32 | 28 | 350 |

**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 94.529[a] | 3 | .000 |
| Likelihood Ratio | 75.867 | 3 | .000 |
| Linear-by-Linear Association | 82.455 | 1 | .000 |
| N of Valid Cases | 350 | | |

a. 1 cells (12.5%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 4.80.

Врз основа на резултатите може да се заклучи значителна разлика во ставовите на различните видови туристи. Кај домашните туристи посетата на Скопскиот плански регион

доминантно била од бизнис причини и за посета на конференции, конгреси и семинари, додека за странските туристи доминантна причина била одмор и посета на културно наследство. Тоа може да се забележи и од вредноста на Пирсоновата Хи-квадрат распределба, како и од p-вредноста на овој тест чија вредност е многу мала и укажува на значителни разлики во ставовите на испитаниците.

Во продолжение е дадена вкрстената анализа на различните видови туристи според нивното потекло и причините кои ги навеле за посета на Југозападниот плански регион

Табела бр. 14 - Вкрстена анализа на причините за посета на Југозападниот плански регион

**d_s * What are the main reasons for your visit to this tourist destination Crosstabulation**

| | | | Која е основната причина за посета на регионот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одмор и посета на културно наследство | Рекреација и релаксација | Деловни причини | Учество на конференција, конгрес, семинар | Вкупно |
| d_s | Домашни | Count | 55 | 12 | 8 | 7 | 82 |
| | | Expected Count | 44.5 | 28.8 | 4.9 | 3.7 | 82.0 |
| | Странски | Count | 135 | 111 | 13 | 9 | 268 |
| | | Expected Count | 145.5 | 94.2 | 16.1 | 12.3 | 268.0 |
| Total | | Count | 190 | 123 | 21 | 16 | 350 |
| | | Expected Count | 190.0 | 123.0 | 21.0 | 16.0 | 350.0 |

**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 22.244[a] | 3 | .000 |
| Likelihood Ratio | 23.960 | 3 | .000 |
| Linear-by-Linear Association | .020 | 1 | .886 |
| N of Valid Cases | 350 | | |

a. 2 cells (25.0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 3.75.

И кај резултатите од истражувањето направено за Југозападниот плански регион, дадени во табелата погоре може да се заклучи дека има значителни разлики во ставовите на различните видови туристи. Иако и кај двете групи на туристи доминантна причина за посета на регионот е посетата на културно наследство, распределбата на одговорите е различна. Додека повеќе од 41 % од странските туристи се определиле за одговорот рекреација и релаксација, за истиот одговор се определиле само нешто помалку од 15 % од домашните туристи. Како и за претходната табела и за оваа Пирсоновата статистика укажува на значителните разлики во ставовите на различните видови на туристи.

## 5. Визија и мисија на Потстратегијата за културен туризам

### МИСИЈА

Универзалната мисија на туризмот е да овозможи одржлив развој на просторните целини во трите сегменти: социо/еко/техно-сферата. Следствено на тоа, основната мисија на културниот туризам е да поттикне одржлив развој преку активирање на културниот капитал во просторот, трансформирајќи ги културните вредности во туристички вредности (атракции), задоволувајќи ги притоа потребите на туристите за активен одмор преку учење и спознавање на културните достигнувања.

Конкретната мисија на културниот туризам во РС Македонија е преку поврзување на елементите на културата и туризмот да се трансформираат културните вредности во туристички ресурси. На тој начин тие ќе бидат активни елементи на развојот на регионот/државата од една страна, но и промотори на нејзиното важно место во културната историја на Балканот, Европа и пошироко.

### ВИЗИЈА

Директно поврзано со мисијата на културниот туризам во Македонија е неговата визија која поврзува и обединува повеќе сегменти значајни за неговото функционирање и развој. Тие ги опфаќаат:Културниот туризам во иднина го гледаме како

- Организациско приспособување на сите засегнати страни во културниот туризам во функција на постигнување на висок степен на институционална и вонинституционална соработка и координација
- Културен туризам кој се стреми да имплементира меѓународни стандардни со цел да се постигне високо ниво на квалитет на туристичките производи кои се сертифицирани и вклопени во пошироките меѓународни културни рути
- Културен туризам со постигната флексибилност и динамичност/иновативност во своето функционирање за да одговори на предизвиците и да ги прифати промените во функција на долгорочна конкурентност во пошироки рамки
- Културниот туризам како активен елемент на регионалниот развој, особено во недоволно развиените региони
- Културен туризам во функција на одржливиот развој преку заштита и презентација на културното наследство и унапредување на културата во просторните целини

## 6. Зонирање и мапирање на културно – туристичките потенцијали

Мапирањето на зоните и центрите за културен туризам е во функција на прецизно утврдување на положбата и опфатот на просторните целини и објекти за развој на културниот туризам. Во следната табела се дадени зони и центри кои се или веќе афирмирани или се потенцијали за развој на културниот туризам, предлог на нови зони и локации и постојни центри со потенцијал за проширување.

### *6.1 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Скопски плански регион*

| **Скопски плански регион СКПР** | **Наративен опис со карактеристики** |
|---|---|
| ПОСТОЕЧКА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ | Скопје – Скопска котлина<br>*Во духот на метрополата* |
| Локации (центри):<br>Стара Чаршија (џамии, цркви, анови, амами, камениот мост, скопско кале)<br>Музеи, меморијални куќи<br>Скупи, аквадукт<br>Маџари<br>Таор | **Општи карактеристики**: СКПР важи за втора по важност туристичка дестинација во земјата. Посетеноста на регионот во периодот 2014-2018 бележи постојан раст од 26.7% до 32.6% од вкупната посетеност во РСМ. Важно е што во регионот доминираат странските туристи, кои се во најголем процент во државата со 45.4%. Сепак, во бројот на остварени ноќевања, Регионот бележи нешто послаби резултати со 20.7% во 2018 година. На ниво на РСМ, ноќевањата кои ги оствариле странските туристи се движат околу 36% во 2018 година. Ваквите податоци се во согласност со податоците добиени од Анкетата, каде 66.7% проценти од испитаниците се определиле дека го посетиле регионот поради „одмор и посета на културно наследство", со акцент дека најголемиот дел од испитаниците кои го дале овој одговор биле странци. Од ваквите податоци може да се заклучи дека овој Регион е најзначајниот регион за културен туризам во РСМ. Тоа го потврдуваат и стратешките документи за СКПР каде значењето на овој вид на туризам е особено нагласено. Според понудата, старото градско јадро – поширокиот простор на Старата скопска чаршија, вклучувајќи ги притоа споменициите на културата (сакрални и профани) се главна атракција за туристите, па затоа оваа зона се смета за активна зона на туризмот во СКПР.<br>**Производи (дестинациски културен капитал)**: Темата на старо Скопје, со бројните џамии (Султан Муратовата Џамија, Исхак Беговата Џамија, Иса Беговата Џамија), како и монументалните профани објекти (Даут пашиниот Амам, Куршумли Ан, Сули Ан, Капан Ан, безистенот) даваат слика за високото ниво на Скопје во Османлискиот период. Ако кон ова се додаде Камениот Мост, Скопско Кале со приказните за големите средновековни владетели,(пишаните сведоштва за изгубените цркви Св. Ѓорѓи-Горг, Св. Богородица Троеручица итн.), тогаш, културното наследство во овој простор, дава јасна слика за една метропола со големо значење за поширокиот регион. Втората тематски значајна групација се музеите и спомен куќите во градот. Тоа се национални установи, во чии поставки се вградени |

| | |
|---|---|
| | најзначајните експонати од целата држава.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: јадрото во кое се наоѓаат горенаведените градби е Старата скопска чаршија. Ако автентичниот изглед на поединечните градби е зачуван, тогаш, комплексот на старите дуќани и објекти за живеење во овој простор целосно се изменил. За да се добие поголема културна вредност, потребни се сериозни интервенции во насока на враќање на автентичноста на целината. Квалитетот на другите ресурси е висок со добро ниво на конзервација и презентација за туристите. Одржливоста треба да се бара во поврзување со другите поголеми градови на Балканот (Солун, Софија, Ниш, Тирана).<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: статистичките податоци покажуваат дека Регионот учествува со околу 22% во вкупните сместувачки капацитети во земјата и со околу 27% во вкупните угостителски капацитети. Тоа значи добра и диференцирана туристичка опременост и угостителска понуда. Туристичката опрема, сигнализација и услуги имаат добро развиена функционалност. Сепак, оваа туристичка зона се наоѓа во центарот на градот, со висок сообраќаен режим, што може негативно да влијае врз впечатокот на туристите. Концентрацијата и гужвите кои можат да настанат во овој ограничен простор исто така може негативно да влијаат на престој на гостите.<br>**Организација (ДМО)**: станува збор за голем и разнороден комплекс на градби, споени во една функционална целина, со различни сопственици (верски организации, национални институции, правни и физички лица итн.) како што впрочем може да се очекува во едно живо градско јадро. Добрите резултати, според Анкетата и статистичките податоци, укажуваат дека врските помеѓу засегнатите страни се веќе воспоставени и треба да се одржуваат и унапредуваат.<br>Дестинацискиот бренд за оваа зона би бил: ВО ДУХОТ НА МЕТРОПОЛАТА. Да се почувствува пулсот на старо Скопје, во кое: царевите, кралевите, принцовите, султаните, пашите, генералите го избирале како место каде ќе остават свој завет преку градбите и делата. Дестинацискиот имиџ треба да се гради околу синтагмата: „живо наследство“, зошто голем дел од спомениците се во функција (иста или променета).<br>**Конкурентност и Привлечност**: доброто ниво на овие два елементи е веќе потврдено, но треба да се има предвид животниот век на дестинацијата и со иновативни елементи да се поставаат новите производи и услуги за туристите. |
| НОВА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ: | Матка – Водно – Торбешија<br>*Пораките на кралевите и принцовите пренесени од големите сликарски мајстори* |
| Локации (центри):<br>Кањон Матка (цркви)<br>Нерези (Св. Пантелејмон)<br>Маркова Сушица (Марков манастир)<br>Преклоп: Св. Никита Бањани | **Производи (дестинациски културен капитал)**: во прекрасните предели на Кањонот Матка, од двете страни поставени се неколку скромни цркви, кои со својата позиција и живопис нудат на посетителите неповторливо искуство. На падините на Водно, црквата Св. Пантелејмон во Нерези е репрезент на највисоките сликарски и архитектонски дострели на средно-византиската епоха. Марковиот манастир, со црквата Св. Димитрија, ја раскажува сагата на една епоха, преку драматиката на нејзиното сликарство. Ако кон оваа низа се додаде и црквата во близината на селото Бањани, кое просторно не спаѓа во оваа група, но тематски секако дека има свое место, тогаш ќе кажеме дека станува збор за неколку средновековни градби кои се на врвот на уметничките дострели на Балканот од XII-XIV век. Особено живописот во нив е неповторлив и со највисоки вредности. Не случајно, |

| | |
|---|---|
| | бидејќи тоа се ктиторства на кралевите (Волкашин, Марко, Милутин) и принцовите (Алексеј, Андрејаш).<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: наведените објекти се во добра состојба, со добра туристичка презентација, но освен Нерези и Св. Андреја на Матка немаат значителна туристичка посета. Тоа значи поставување на нови форми на нивната заедничка туристичка презентација, задржувајќи го високото ниво на нивните културни вредности. Одржливоста треба да се бара во иновативна комбинација на природните вредности на просторот во кои се поставени во комбинација со нивните културни вредности.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: кај некои од црквите во околината има сместувачки и угостителски објекти (Нерези и Матка) кои не ги задоволуваат потребите, а некои од нив се времено затворени. Сепак, високиот потенцијал на културните вредности на оваа групација треба да се комбинира со пошироката туристичка понуда на градот Скопје во чија близина се лоцирани. Инфраструктурата до нив е добра, но некаде се потребни подобрувања и изнаоѓање на алтернативни решенија (Шишевски Манастир), особено во поглед на сигнализацијата (Бањани) и нивната соодветна презентација (Св. Андреја).<br>**Организација (ДМО)**: градбите претставуваат хомогена тематска групација, со мал број на засегнати страни, со што се олеснува нивното вклучување во туристичкиот производ. Но сепак, заради диверзификација и иновативност, треба кон дестинацискиот менаџмент во оваа зона да се приклучат и други страни (особено тематски здруженија и организации кои ќе ја збогатат понудата).<br>Дестинацискиот бренд за оваа зона може да биде: ПОРАКИТЕ НА БЛАГОРДНИЦИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ОД ГОЛЕМИТЕ СЛИКАРСКИ МАЈСТОРИ. Како приказна која носи специфична порака од секој сликарски ансамбл пренесена со универзалниот јазик на уметноста. Дестинацискиот имиџ треба да се гради околу темата дека црквите и манастирите се трезори на највисоки вредности, на живиот човечки дух, дури и во времињата кога се ближел крајот на една голема епоха.<br>**Конкурентност и Привлечност**: големите мајстори на сликарството кои ги изработиле овие фреско ансамбли, дава добра основа за конкурентност на туристичкиот производ и особена туристичка привлечност кон туристите заинтересирани за културниот туризам кој е главна карактеристика на овој регион. |

## *6.2 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Североисточен плански регион*

| **Североисточен плански регион СИПР** | **Наративен опис со карактеристики** |
|---|---|
| ПОСТОЕЧКА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ | Кумановско – Нагоричанска<br>*Културни пејзажи* |
| Локации (центри):<br>Старо Нагоричино<br>Кокино<br>Пелинце<br>Куманово<br>Липково (Матејче)<br>Преклоп:<br>Цоцев Камен<br>Куклица | **Општи карактеристики**: Во периодот 2014-2018 г. Регионот го посетувале само околу 1% од вкупниот број на туристи во РСМ. Во истиот период, бројот на остварени ноќевања е околу 0.5% од остварените ноќевања во РСМ. Ова укажува на многу мало учество на СИПР во туризмот во земјата. Според Анкетата, најголемиот процент од испитаниците се определиле за одговорот „рекреација и релаксација“ со вкупно остварени одговори од 33.9 %, додека на второ место со 30.6 % се наоѓа причината „одмор и посета на културно наследство“. Овие две причини за овој плански регион се скоро исто распределени за 2/3 од испитаниците, што укажува на балансирана понуда кон заинтересираните туристи. Според понудата на овој Регион, Кокино е главната атракција за туристите, па затоа, оваа зона се смета за активна зона на туризам.<br>**Производи (дестинациски културен капитал)**: Според културните центри во овој регион, доминираат мегалитските опсерватории Кокино и Цоцев Камен. Кон темата може да се додаде и природниот локалитет Куклица. Друга групација формираат средновековните цркви Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане и Св. Богородица Матејче. Куманово како урбан центар на СИПР нуди бројни содржини од културата, а треба да се спомене и црквата Св. Никола. Локалитетот Пелинце е важно спомен обележје за државата и со тоа може да биде дел од понудата на оваа зона, но сепак тематски некомпатибилна со другите знаменитости.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: наведените културни знаменитости се заштитени со Закон, што имплицира високи вредности. Сепак, кај некои од нив се потребни сериозни интервенции во функција на нивната конзервација и презентација (Матејче). Што се однесува на нивната сертификација за квалитет како туристички ресурси, групацијата Кокино-Цоцев Камен-Куклица можат да бидат дел од Културните рути на Советот на Европа, како дел од рутата Предисториски патеки на камената уметност (Prehistoric Rock Art Trails).<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: според статистичките податоци СИПР учествува со 3.14% во вкупниот број на сместувачки објекти во РСМ, што е на нивото на туристичката побарувачка. Учеството со угостителски објекти е со повисок процент 8.37%, што дава поширока перспектива за подобра услуга кон туристите. Туристичката опрема и сигнализација е на задоволително ниво (добра уреденост на просторот на Кокино, Старо Нагоричане, Пелинце), но има простор за подобрувања (Куманово, Липково и Матејче). Инфраструктурата е добра, со асфалтни патишта до локалитетите, со солидна сигнализација.<br>**Организација (ДМО)**: бидејќи се работи за разнородни културни ресурси, нивното управување го вршат повеќе институции на национално ниво. Од другите засегнати страни треба да бидат вклучени и институции и |

| | |
|---|---|
| | организации на локално ниво (туризам, култура).<br>Дестинацискиот бренд за оваа зона би бил: КУЛТУРНИ ПЕЈЗАЖИ, како единствено доживување во спојот на човековата адаптација на природните елементи, додека придружено кон ова треба да се гради дестинациски имиџ за односот на предисторискиот човек кон вселената и боговите.<br>**Конкурентност и Привлечност**: со оглед на монументалноста на културните атракции од една страна и уникатноста од друга страна, се проценува дека конкурентноста и атрактивноста на производите составени од клучните културни атракции ќе биде висока. |
| НОВА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ: | Кратовско-Паланечка<br>*Следбеници на традициите: големите мајстори на XIV и XIX век* |
| Локации (центри):<br>Кратово<br>Крива Паланка (Св. Јоаким Осоговски)<br>Псача (Св. Никола)<br>Коњух (ротонда)<br>Лесново (преклоп со ИСПР)<br>Црква Св. Ѓорѓи Нагоричино и Св. Богородица Матејче (преклоп со друга зона) | **Производи (дестинациски културен капитал)**:според културните знаменитости доминира темата на цркви и манастири (Св. Јован Кратово, Св. Јоаким Осоговски, Св. Никола Псача). Ако кон нив се додадат блиските цркви во Старо Нагоричане, Матејче и Лесновскиот манастир се добива една импозантна колекција на културно наследство со највисоки квалитети. Тие тематски можат да се поврзат по повеќе основи. Некои од нив ги поврзуваат традицијата на македонските монаси-анахорети св. Гаврил Лесновски, св. Јоаким Осоговски и св. Прохор Пчињски (Св. Ѓорѓи Старо Нагоричане). Темата врвни сликарски и архитектонски остварувања во XIV век ќе поврзе неколку ансамбли во црквите. Преродбенската епоха во овој простор ќе ги остави некои од најзначајните остварувања на Балканот преку делата на прочуените архитекти (Андреја Дамјанов – црквите во Кратово, Куманово, Св. Јоаким Осоговски), копаничари (Петре Филиповски Гарката) и сликари (Димитар Андонов Паприадишки, Дичо Зограф). Кратово со својата традиционална архитектура исто така претставува значајна културна атракција.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: сите споменати цркви и манастири се со највисок режим на заштита и со мали интервенции околу нивната презентација можат да бидат вклучени во туристичката понуда на оваа зона. Квалитетот на ресурсите е висок, а нивната сертификација треба да биде во културни рути кои ќе го презентираат културното наследство од XIV век и од XIX век.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: Кај некои од манастирите има можност за сместување. Сепак во Кратово треба да се подобри состојбата со сместувачките капацитети. Туристичката опрема и сигнализација треба да се подобрат, а генерално клучните локации (Св. Јоаким Осоговски) се добро уредени. Инфраструктурната поврзаност е солидна со асфалтни патишта до локалитетите, кои се лесно пристапни.<br>**Организација (ДМО)**: ресурсите во оваа зона се унифицирани,се работи за религиозни објекти, со што важен фактор со нивното управување за туристички потреби ќе имаат МПЦ и Управата за заштита на културното наследство. Кон нив како засегнати страни треба да се вклучат и институции од туризмот (национална/локална туристичка администрација – НТА), бизнис заедницата (агенции и туроператори, транспортни претпријатија) како и претставници на невладини организации и здруженија.<br>Дестинацискиот бренд за оваа зона може да биде: СЛЕДБЕНИЦИ НА ТРАДИЦИИТЕ: ГОЛЕМИТЕ МАЈСТОРИ НА XIV И XIX век. Единствен спој на грандиозните достигнувања од крајот на средновековната византиска епоха со почетокот на новото време – Преродбата. Дестинацискиот имиџ би се градел околу спојот и пренесувањето на традициите од клучните времиња |

| | |
|---|---|
| | за оформување на нашата културна симбиоза во византиската културна сфера.<br>**Конкурентност и Привлечност**: монументалноста на културните атракции дава основа за добра привлечност кон туристичката побарувачка, но уникатноста не е изразена со највисок степен, зошто слични достигнувања од спомenатите мајстори има и во другите региони. Што значи конкурентноста ќе зависи многу од иновативноста при креирањето на туристичките производи со овие културни елементи. |

## *6.3 Нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Источен плански регион*

| **Источен плански регион ИСПР** | **Наративен опис со карактеристики** |
|---|---|
| НОВА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ: | Штипско-Виничка<br>*По трагите на големите епископски седишта* |
| Локации (центри):<br>Штип<br>Ново Село<br>Баргала<br>Виница<br>供Мородвис<br>Крупиште<br>Зрновци | **Општи карактеристики**: регионот има скромни перформанси во однос на туристичкиот промет. Податоците укажуваат дека тој во вкупната туристичка посетеност на РСМ во последните години учествува со околу 3%, а според бројот на реализирани ноќевања со околу 2.2%. Според Анкетата, како причина за посета на овој регион само 15.6% се изјасниле дека тоа е „одмор и посета на културно наследство“. Тоа значи дека културниот туризам во регионот има слаби перформанси. Затоа, во овој регион издвоен е само една зона и тоа зона за развој на културен туризам.<br>**Производи (дестинациски културен капитал)**: клучна тема во овој регион треба да биде античкото наследство. Неколку важни епископски седишта ќе блеснат во текот на ранохристијанскиот период, со што ќе го одбележат овој регион како извориште на христијанството уште во раните векови по неговото официјално признавање. Епископијата на Баргала, кај селото Горни Козјак, со своите моќни кули и бедеми ги заштитувале базиликите и резиденциите, кои и денес гордо стојат за да потсетат на славните денови на овој град. Нешто понасевер, кај селото Крупиште, има комплекс на црковни градби кои, секако, маркирале значајно црковно седиште (можеби античката Запара). Не помалку се важни и остатоците од црковните градби на Виничкото Кале (можеби античките Армонија или Каленидин), каде што беа пронајдени бројни икони изработени во теракота. Од изворите се знае дека пред заминувањето за Моравија во познатата мисија, Константин (Кирил) управувал со словенско кнежевство, кое од научниците се лоцира во Брегалничкиот регион, па тоа било и местото на најстарото покрстување на Словените во целиот христијански свет. Како сведоци на тоа епско време се остатоците од средновековниот епископски центар кај селото Мородвис, во близина на Кочани. Стариот Астибо, според историските извори, бил местото каде што се вршело ритуалното капење во реката Брегалница при крунисувањето на пајонските кралеви.<br>Друга тема може да биде Преродбата претставена преку делата на Андреја Дамјанов (Св. Богородица во Ново Село) и црквата Св. Никола во Штип изградена од Ѓорги Новаков Џонгар.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: кога се работи за имплементација на стандарди кај археолошките локалитети, треба да се рече дека тоа се посложени системи за конзервација и презентација со цел туристите да добијат појасна слика за она што го гледаат на терен. Квалитетот на посочените археолошки локалитети од културна гледна точка е висок, но од туристичка тој е во почетна фаза, потребни се бројни адаптации за да може туристичкиот престој во локалитетите да биде на високо ниво и со добри искуства. Одржливоста се бара во врската археологија туризам, што значи добра презентација води кон добра туристичка услуга.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: со оглед на туристичката развиеност во овој момент, регионот во прва фаза може даги користи постоечките |

| | |
|---|---|
| | туристички капацитети. Нивото на туристичка опрема, освен во Штип, во другите места на зоната е исклучително слаба. Инфраструктурата ги задоволува основните потреби за туристички движења во регионот.<br>**Организација (ДМО)**: се работи за археолошки локалитети кои треба да се искористат за туристички посети. Притоа организациски треба да се делува кај засегнатите страни да направат добра мрежа на организациска поставеност која ќе ги активира овие потенцијали преку креирање на иновативни туристички производи.<br>Дестинацискиот бренд треба да се постави околу темата: ПО ТРАГИТЕ НА ГОЛЕМИТЕ ЕПИСКОПСКИ СЕДИШТА. На почетоците на официјализираната религија и тоа во IV-VI век, но и на почетоците на влезот на Словените во новата религија (IX век).<br>Дестинацискиот имиџ треба да ги опфати првите христијански манифестации на верата преку градењето на грандиозните базилики.<br>**Конкурентност и Привлечност**: во фаза на минимален туристички развој тешко може да се процени конкурентноста и привлечноста на ресурсите. |

## *6.4 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Југоисточен плански регион*

| **Југоисточен плански регион ЈИПР** | **Наративен опис со карактеристики** |
|---|---|
| ПОСТОЕЧКА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ | Струмичка<br>*Со истрајност во верата* |
| Локации (центри):<br>Струмица<br>Водоча-Вељуса<br>Банско<br>Колешино<br>Смолари | **Општи карактеристики**: може да се констатира дека овој Регион е средно развиен во однос на туризмот. Статистичките податоци покажуваат дека во периодот 2014-2018 година, Регионот остварил околу 15% од вкупниот број на посети на ниво на земјата, додека во истиот период, според бројот на остварени ноќевања, Регионот се позиционира со остварени 18% од вкупните ноќевања во РСМ. Според Анкетата, околу 84% од анкетираните туристи навеле „одмор и посета на културно наследство“ како причина за доаѓање во Регионот.<br>**Производи (дестинациски културен капитал)**: клучната тематска поставеност на оваа зона е посетата на нејзините цркви и манастири. Струмица во средниот век била позната како Тивериопол, според Тивериополските маченици кои со живот ја платиле својата приврзаност кон верата, но жителите не ја заборавиле нивната жртва и им изградиле црква со гробница, која денес се наоѓа во срцето на градот. Важноста на Струмица за христијанската вера ја носи претпоставката на научниците дека тука била лоцирана Климентовата „Величка епископија“. Манастирот во Водоча, седиштето на струмичкиот митрополит, го добил своето име според морничавиот настан што го одбележал поразот на Самуил од Византија и ослепувањето на неговата војска. Манастирот Св. Богородица во Вељуса и денес ги негува исконските традиции за мирен и посветен живот во верата.<br>Друга тематска целина би била градската архитектура во Струмица и руралните комплекси во околните села (Смолари, Колешино).<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: стандардите присутни кај поединечните објекти, за жал не се аплицирани во околната средина, па некои од манастирите со во деградирана околина што ја намалува нивната вредност. Се работи за ограничени ресурси со висок степен на посетеност, па затоа одржливоста треба да се бара во иновативни решенија при тематското комбинирање на ресурсите.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: регионот располага со задоволителен број на сместувачки капацитети (14% од вкупно во државата) и со помала понуда на угостителски објекти (7%). Туристичката опрема во околината на градот треба да се подобри. Инфраструктурата ги задоволува основните потреби на туристичките патувања.<br>**Организација (ДМО)**: високиот процент на туристи кои доаѓаат да ги посетат струмичките цркви и манастири покажува дека има воспоставени форми на дестинациски менаџмент. Но треба да се работи на вметнување на иновативни елементи на туристичката понуда.<br>Дестинацискиот бренд би бил: СО ИСТРАЈНОСТ ВО ВЕРАТА. Ваквиот став произлегува од трагичните настани кои се случиле во регионот: погибијата на петнаесетте верници, како и безмилосниот масакр кој бил извршен врз Самуиловите војници. |

| | |
|---|---|
| | Дестинацискиот имиџ би се градел околу меморијалниот карактер на трагичните настани.<br>**Конкурентност и Привлечност**: покажана е добрата конкурентност и привлечност на зоната со високото ниво на посетеност. |
| НОВА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ: | Гевгелија – Валандово<br>*На патот од Егејот кон балканските провинции* |
| Локации (центри):<br>Гевгелија (Вардарски Рид)<br>Исар Марвинци | **Производи (дестинациски културен капитал)**: културен капитал на зоната се двата позначајни археолошки локалитети: Исар Марвинци (веројатно антички Добер) и Вардарски Рид (античка Гортинија). Тие имале блиски врски со најзначајните македонски градови (Пела, Тесалоника, Бероја, Амфиполис итн.), сето тоа е изразено преку нивните монети, изработката на керамичките садови и храмовите, градени, како што е запишано во Марвинци од „македонијархот“, а посветени на митскиот јунак Херакле. Во својот најголем подем антички град Гортинија го краселе јавни градби и објекти за живеење, кои потекнуваат од V и IV век пред н.е., а за кои може посредно да се извлечат заклучоци од записите на Тукидид.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: двата локалитети се со солидна истраженост, нивото на конзервација е слабо, додека целосно недостасува презентација. Со тоа овие локалитети не се во можност посериозно да бидат претставени во еден туристички производ. Одржливоста треба да се гледа во поврзувањето со блискиот антички град Стоби.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: Локалитетите се во близина на населени места со можност да се искористи нивната туристичка опременост. Инфраструктурната поврзаност е одлична зошто како и во антиката така и денес тие се наоѓаат на важни патни правци.<br>**Организација (ДМО)**: системот на организациска поврзаност на зоната треба да следи примерот на Стоби, и всушност да биде дел од поширокиот менаџмент со античките локалитети како туристички ресурс.<br>Дестинацискиот бренд би бил: НА ПАТОТ ОД ЕГЕЈОТ КОН БАЛКАНСКИТЕ ПРОВИНЦИИ. Како начин на пренесување на културните придобивки од развиените центри кон север во внатрешноста на Балканот.<br>Дестинацискиот имиџ треба да се гради околу Вардарската магистрала како клучна комуникација во овој простор.<br>**Конкурентност и Привлечност**: во фаза на целосна неподготвеност на ресурсите за туризам, тешко може да се процени нивната конкурентност и привлечност. |

## *6.5 Постоечки и нови зони и локации (центри) за развој на културен туризам и наративен опис со карактеристики – Вардарски плански регион*

| **Вардарски плански регион ВАПР** | **Наративен опис со карактеристики** |
|---|---|
| ПОСТОЕЧКА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ | Градско – Демир Капија<br>*културен коридор: Via Axios – Вардарска магистрала* |
| Локации (центри):<br>Стоби<br>Градско (винарии)<br>Демир Капија (винарии)<br>Преклоп со друга зона Исар Марвинци, Вардарски Рид | **Општи карактеристики**: Регионот има скромни перформанси во однос на туризмот и учествува со скромни 2.3% во 2018 година во остварените туристички посети во РСМ, и со незначителни 1.5% од вкупно остварените ноќевања. Според Анкетата, скоро половина од туристите кои го посетиле регионот се изјасниле дека тоа го направиле за „одмор и посета на културно наследство".<br>**Производи (дестинациски културен капитал)**: клучниот ресурс во културниот туризам кој што ја става оваа зона во активен туристички простор е археолошкиот локалитет Стоби. Сместен на вливот на двете најголеми реки Вардар и Црна, како и на двата важни балкански патни правци, Вардарската магистрала (Тесалоника – Стоби – Скупи) и Дијагоналниот пат (Хераклеја – Стоби – Сердика), античкиот град Стоби во времето на Римјаните добил статус на самоуправа, па можел да кове и сопствени монети. Во средината на V век, по неколкуте прекројувања на провинциските граници во рамките на Римското Царство, оформена е провинцијата Македонија Секунда, а Стоби станува нејзин главен град. И покрај сите катастрофи, Стоби денес не престанува да зрачи со своите вредности кои, иако се само археолошки остатоци, доволно зборуваат за неговата големина и сјај. Театарот е грандиозната арена во која се одвивале благородни театарски претстави но и крвави гладијаторски борби. Стоби исто така е град на палати и цркви. Врската на централните делови на Европа со Егејот и понатаму со Медитеранот, по долината на реката Вардар, поминувала низ стрмните клисури на Демир Капија, што во превод значи „железна порта", како граница која низ вековите ги контролирала движењата на војските и народите од север кон југ и обратно. Кон оваа група треба да се приклучат и археолошките локалитети Исар Марвинци и Вардарски Рид.<br>Другата туристичка рута би била Тиквешки вински пат, како збир на традиции и искуства во негувањето на вековната винска култура.<br>**Стандарди, квалитет, одржливост**: зоната е пример за имплементирани високи стандарди за квалитет (Стоби, винарии), регистрирана е турата Тиквешки вински пат во ИТЕР ВИТИС, културната рута на Советот на Европа, што е единствен пример кој треба да го следат и другите, како сертификација на квалитетот на туристичкиот производ. Одржливоста треба да се бара во екстензија и тематско поврзување со други културни рути.<br>**Објекти, опрема, инфраструктура**: туристичките објекти во регионот ги задоволуваат основните потреби, но треба да се обезбедат и нови со специфични содржини според потребите на туристите вклучени особено во винскиот туризам. Инфраструктурата е добра и ги задоволува основните функции за туристичко поврзување на просторот.<br>**Организација (ДМО)**: организациски поврзувањето во оваа зона треба да се |

| | |
|---|---|
| | направи со доминација на организациите и фондациите кои ја спојуваат културата во функција на туризмот. Локалитетот Стоби е пример како туристички се валоризира еден антички град.<br>Дестинацискиот бренд би се градел околу: КУЛТУРЕН КОРИДОР: VIA AXIOS-ВАРДАРСКА МАГИСТРАЛА. Со акцент на значењето на магистралата за животот на луѓето во овој простор, но и културните придобивки заради постоењето на оваа комуникација со луѓето од околните простори.<br>Дестинацискиот имиџ треба да опфати врски на минатото со сегашноста преку детектирање на начинот и квалитетот на живот на луѓето некогаш и сега.<br>**Конкурентност и Привлечност**: покажана е добрата конкурентност и привлечност на зоната со високото ниво на посетеност. |
| НОВА ЗОНА И ЛОКАЦИИ (ЦЕНТРИ) ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ: | Велес – Свети Николе<br>*Градот на просветителите и револуционерите* |
